



# ИСТОРИЈА И ОПШТЕСТВО 5

ЗА V ОДДЕЛЕНИЕ НА ДЕВЕТГОДИШНО
ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ
(МАТЕРИЈАЛИ ЗА УЧЕЊЕ)





Валентина Ангелковска Жаклина Ристовска

# ИСТОРИЈА И ОПШТЕСТВО

# ЗА V ОДДЕЛЕНИЕ

# НА ДЕВЕТГОДИШНОТО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

## МАТЕРИЈАЛИ ЗА УЧЕЊЕ

**Ќе истражуваш и ќе научиш за:**

## ЕТИЧКИ ВРЕДНОСТИ



- Лажење и клеветење.
- Уценување и подмитување.
- Неправда.
- Чесност, вистинољубивост и праведност.
- Нанесена неправда.

## СОЦИЈАЛИЗАЦИЈА



- Социјализација.
- Општествени/социјални норми.
- Личност.
- Фактори на социјализација.

## ПРИПАДНОСТ НА РАЗЛИЧНИ ГРУПИ

- Општествена/социјална група и идентитет.
- Национална/државна припадност, етничка припадност.
- Граѓани.



## ЧОВЕКОВИ ПРАВА

- Основни човекови права.
- Универзалната декларација за човекови права.
- Основни принципи на човековите права (универзалност, неотуѓивост, еднаквост и недискриминација).
- Дискриминација базирана на разликите меѓу луѓето.
- Правата на жената (Роза Луксембург).
- Еднаквост и недискриминација (Мартин Лутер Кинг).



## ПРАВАТА НА ДЕТЕТО



- Конвенција за правата на детето (права на преживување, права на развој, заштитни права, права на учество).
- Правата на детето во однос на човековите права.
- Права со одговорности.
- Повреда на детските и човековите права.



**При учење и истражување на содржините од првата тема ќе се оспособиш:**

- да правиш разлика меѓу лоши постапки, неправди и лаги, наспроти морално/добро однесување;
- да ги идентификуваш факторите на социјализација и да објаснуваш како тие влијаат на формирање на личноста;
- да правиш разлика меѓу етничка и државна/национална припадност и да објаснуваш како припадноста на овие и на други општествени групи го определува идентитетот на секој поединец;
- да ги објаснуваш основните принципи на човековите права;
- да ги поврзуваш правата со одговорностите и да препознаваш ситуации на повреда на правата на детето во секојдневниот живот.

**При учење и истражување на овие содржини ќе развиваш:**



- позитивен однос кон националната/државната припадност;
- критички однос кон нееднаквоста, дискриминацијата и расизмот;
- свесност за потребата од почитување на правата на детето.

## Активирај го твоето предзнаење!



Ќе даваш примери за етички вредности и неетичко однесување.

- Колку добри дела направи денес и кои се тие?
- Какви корисни активности планираш во иднина?

Зборот **етика** потекнува од грчкиот збор „етос“ што значи навика или обичај.

**Етичките вредности** го регулираат однесувањето на поединецот.

Кои **етички вредности** ги имате?



**ЕТИЧКИ ВРЕДНОСТИ**

Чесност, вистинољубивост, праведност.

Одговорност, искреност, лојалност, почит.

Етичките вредности се стекнуваат за време на индивидуалниот развој на секој човек со искуство во семејството, социјалното и училишното опкружување, па дури и преку медиумите. Има многу етички вредности, како што се: чесност, вистинољубивост, праведност, одговорност, искреност, лојалност, правда, слобода, почит и други. Се вели дека едно лице постапува **етички** при примена на овие видови етички вредности во неговото секојдневно однесување.

Доколку некој човек лаже, уценува, подмитува, клевети и е неправеден, тогаш тој се однесува неетички. Неетички однесувања се: лажењето, уценувањето, подмитувањето, клеветењето и неправдата.

Секој човек треба да формира своја проценка за тоа што е правилно или погрешно, што е општествено прифатливо и што не е, и како тоа може да му наштети на личноста.

## Биди праведен, прави добри дела!




### Работа во мали групи

Според следниот текст креирајте драмска игра и дискутирајте за **чесност или нечесност!** Кои ученици се чесни, а кои не според нивните постапки? Довршете го крајот на текстот според ваша замисла!

**Учениците се подготвуваа за големиот одмор. Лана ги остави своите пари за појадок на клупата. Виктор ги здогледа парите и без двоумење ги зеде. Тоа го виде Саво и му кажа на Виктор дека парите се на Лана и дека таа ќе ги бара. На тоа Виктор не одговори ништо и со трчање излезе надвор од училницата. Во меѓувреме Лана се врати во училницата и ги бараше своите пари, но парите беа кај Виктор. Лана беше вознемирена и плачеше и целата ситуација ѝ ја објасни на наставничката. Тогаш Виктор одеднаш извика: „Јас видов дека Саво ги зеде парите.“ Саво со прекор го погледна Виктор, но не изусти ни збор.**



Ќе даваш примери за неетичко однесување како што се лажењето и клеветењето.

## Лажење, клеветење

### Активирај го твоето предзнаење!

- Како се чувствуваш кога ќе дознаеш дека другарчето те лаже?
- Како ја разбираш народната поговорка **„На лагата ѝ се кратки нозете“?**

Научникот Купфер рекол: **„Личноста лаже кога кажува нешто за што знае дека е невистинито, со намера другата личност да поверува дека тој исказ е вистинит.“**

Не ми се верува дека ова што го прочитав во пораките е вистина. Дали Весна **лаже** или не?

Мислам дека ја **клевети** Мерита. Ќе проверам која е вистината.



Најголемата причина зошто луѓето ја губат **довербата** е **лажењето**.

**Кои се причините за лага меѓу луѓето?**

- Најчесто е желбата да се избегне кавга.
- Кога сакаат да изгледаат поинтересно.
- Ниската самодоверба.
- **Наведи и други причини за лага од твоето искуство!**

Лагата може да уништи многу пријателства. Таа **секогаш** наоѓа начини да излезе, да се врати и на крај секогаш се открива. Најлошите лаги се оние кои си ги кажуваме самите на себе. **Клеветењето** е еден вид лага. Кога некој набедува некого за нешто што не е вистина, значи, го клевети.

- **Раскажи за една твоја случка кога си бил наклеветен! (**На пример: едно дете кажува за друго дете дека украло нешто од самопослуга иако не го сторило тоа со цел да му наштети на угледот.)

Кога некој лаже, неговото лице содржи две пораки – онаа која сака да ја претстави и онаа која сака да ја сокрие. Особено денес, технологијата и социјалните мрежи отворија нова врата кон тој стар конфликт меѓу **лагата** и **вистината**. Во таа смисла, важно е свесно и внимателно да одбереме кому му веруваме и што веруваме.

### Размисли и одговори!

1. Наброј неколку примери за лага од твојот секојдневен живот!
2. Како си се чувствувал/-а ако некој те наклеветил некогаш?



Ќе даваш примери за неетичко однесување како што се уценувањето и подмитувањето.

## Активирај го твоето предзнаење!

- Ако некој ти се заканува, како ќе реагираш?
- Што ќе направиш ако другарчето те подмитува со нешто за да му помогнеш при решавање на тест-задачите?

**Уценување, подмитување**

**Не е убаво да уценуваш!**

**Никогаш и никого не уценувај!**

**Труди се да не подмитуваш!**

**Размисли зошто!**

**Подмитувањето** е кога сакаш да постигнеш некоја цел без труд и без сопствени квалитети. На пример, едно дете му **дава** пари на друго дете за да сокрие дека му го уништило учебникот. **Уценувањето** најчесто е изнудување на нешто со помош на закана. На пример, едно дете му **бара** пари на друго дете за да не им каже на другите соученици дека му го уништило учебникот. Подмитувањето и уценувањето се негативни етички вредности.

Анета ми вели дека ќе ми даде два сендвича ако не ја кажам на наставничката дека нема домашна задача по Математика веќе цела недела.

Што да правам, дали да го прифатам **подмитувањето** од Анета? Или можеби е најдобро на наставничката да ѝ ја кажам вистината, а Анета да си ги напише пропуштените домашни задачи. Другарчиња, што мислите вие? Каков совет би ми дале?



## Размисли и одговори!

1. Одреди кој од учениците ги покажал негативните етички вредности подмитување и уценување? Што би направил ти ако ти се случеше истото?

а) Зерина и Сузана заедно креираа проект за другарство. Но, кога го работеа, Сузана се разболе и не можеше ништо да помогне. Зерина сама го изработи проектот, но кажа дека заедно го работеле. Следниот проект по Природни науки требаше заедно да го работат, но Зерина не можеше. Сузана го изработи и ѝ рече дека ако сака да каже дека заедно го изработиле, да ѝ купи три сладоледа.

б) Миле виде дека Саво украде дваесет дрвени боички од Јана. Саво беше многу исплашен и одлучи да му даде на Миле половина од украдените боички за да не каже ништо.

2. Опиши ситуација кога си бил/била присутен/присутна на уценување или подмитување!

## Неправда

**Активирај го твоето предзнаење!**



Даваш примери за неетичко однесување како што е неправдата.

- Како би постапил ако видиш дека некому му е нанесена неправда?
- Што би направил ако тебе ти е нанесена неправда?
- Со другарите во одделението дискутирајте за неправдите кои си ги доживеал во училиште или на друго место!

Разгледај ги сликите и објасни на кое дете му е нанесена неправда!







Наведи аргументи со кои ќе ја осудиш нанесената неправда на децата!

Доколку ти се случи неправда во училиште, треба да напишеш протестно писмо или жалба упатена до претседателот на одделенската заедница, до претседателот на ученичката заедница, до ученикот правобранител, до одделенскиот наставник, до стручната служба или до директорот.





До претседателот на одделенската заедница и претседателот на училишната заедница.

**Жалба**

од Мите Павловски V а одд.

1.Треба кратко, јасно и со докази да ја опишеш ситуацијата во која ти се случила неправда.

2. Да дадеш аргументи зошто е тоа неправда.

3. Да побараш да се преземат мерки, казни и сл.

**Работа во мали групи**

Дискутирајте и донесете заклучоци за:

1. Што е неправда?
2. Кај кого треба да се обратиш кога ќе се случи неправда во училиштето?
3. Како можеш да бидеш заштитен?

## ЕТИЧКИ ВРЕДНОСТИ



Ќе објаснуваш за потребата од почитување на етичката вредност чесност.

**Честност, вистинољубивост, праведност**

### Активирај го твоето предзнаење!

- Зошто секој човек треба да биде чесен, вистинољубив и праведен?
- Кои етички вредности се спротивни од чесност, вистинољубивост и праведност?

Чесноста, вистинољубивоста и праведноста се најпосакуваните етички вредности и кон самиот себе, и кон другите и кон целото општество.

Зборувај ја вистината секогаш, труди се да бидеш чесен во сѐ!

**Размисли зошто!**



**Чесност** е кога чесниот човек се грижи да постапува добро и во секој миг внимава на своите морални обврски; истите ги извршува и не ги избегнува. Човекот кој ја сака вистината и кој се бори за неа е **вистинољубив** човек. **Праведност** е кога постапуваш исто со сите, кога никого не потценуваш, кога секогаш си фер со другите. Сите овие етички вредности треба да се развиваат и да се применуваат во секојдневниот живот за градење односи на меѓусебна доверба како кај децата така и кај возрасните.



### Проектна задача

Со помош на наставникот подгответе прашалник со кој ќе ги анкетирате учениците од сите петти одделенија за присуството на лажење, уценување, подмитување, клеветење и неправда меѓу учениците!

Примери за прашања: Дали си излажал/-а соученици повеќе од 10 пати во текот на минатата недела? Дали те излажале соучениците повеќе од 10 пати во текот на минатата недела? Дали во текот на оваа година си бил/-а уценет/-а од соучениците за нешто?

Добиените резултати претставете ги во табела и одредете колку ученици биле чесни, вистинољубиви и праведни! Од вкупниот број ученици од петто одделение извадете го бројот на ученици со неетички вредности!

Табелата со заклучокот кој ја опишува состојбата во училиштето објавете ја на огласната табла во училиштето!

## Нанесена неправда



Ќе наведуваш аргументи со кои се осудува нанесена неправда.



Марко е претседател на училишната заедница. Тој постојано се фали дека е чесен, вистинољубив и праведен.

Но, дали е тоа вистина, оцени од следниве аргументи.

Во понеделникот доби сендвичи и сокови од претседателот на V б одделение за да не ја каже вистината дека таму имало кавги меѓу учениците.

Претседателот на VI в одделение му ја објасни случката во тоа одделение дека девојчињата постојано го навредуваат Крсте и дека треба нешто да се преземе. Марко одговори дека сигурно го навредуваат бидејќи заслужил, без да ги ислуша двете страни.

Пред да започне состанокот на училишната заедница, Калина, претседателката на IX г одделение, донесе бонбони во училницата за да почасти за нејзиниот роденден. Нашиот претседател Марко си ја зема бонбониерата и ја стави во неговиот шкаф. На состанокот Калина не можеше да почасти за својот роденден бидејќи Марко нечесно ја зема бонбониерата и се правеше дека ништо не знае.

### Размисли и објасни!

1. Откако го прочита текстот, што прво се запраша и зачуди?
2. Како Марко воопшто бил избран за претседател на училишната заедница на тоа училиште?
3. Која најголема неетичка вредност ја поседува Марко?
4. Кои други неетички вредности ги поседува Марко?
5. Кому Марко му нанесол неправда?



### Работа во мали групи

Дискутирајте во групата за последиците од таквото неетичко однесување на претседателот Марко! Како се чувствувале претседателите на V б, VI в и IX г одделение? Ако сте вие еден од тие претседатели, што би направиле? Каква постапка ќе покренете во училиштето? Каде ќе пријавите? Што мислите, дали Марко ќе биде и понатаму претседател? Каква казна треба да добие Марко? Зошто се важни етичките вредности? Заклучоците запишете ги и презентирајте ги пред одделението и изложете ги на одделенското пано!

## Активности

1. Подгответе се за „протести“! Секоја група смислува куси пароли кои треба да помогнат во борбата против лажење, уценување, подмитување, клеветење и неправда. Секоја парола запишете ја на посебен хамер! Потоа шетајте низ училницата, симулирајќи протест, а паролите носете ги високо дигнати и извикувајте ги на глас!

**Што научи за етичките вредности?**

**Кој лаже, тој краде!**



**Биди фер играч!**

**Почитувај ги другите!**



**Уценувачите во затвор!**

**Пријави мито!**



**Клеветењето е најголемиот непријател!**

**Што научи за етичките вредности?**

## Активности

2. Определете ги етичките вредности кои треба да ги поседува секој човек и обојте ги со зелена боја!

| | | |
|---|---|---|
| **чесност** | **правда** | **лажење** |
| **подмитување** | **уценување** | **клеветење** |
| **лојалност** | **слобода** | **праведност** |
| **одговорност** | **искреност** | **почит** |
| **соработка** | **вистинољубивост** | **неправда** |

Одбери три етички вредности кои мислиш дека се најважни да ги поседува човекот, запиши ги на налепница/самолепливо ливче (стикер) и закачи ги на одделенското пано! Потоа, пред одделението, секој нека аргументира зошто ги избрал токму тие три етички вредности!

Определете која етичка вредност од избраните најмногу се повторува и дискутирајте зошто! Објаснете преку примери од вашето секојдневие!

3. Одреди за која неетичка вредност се работи во следниве искази:

|  **Ситуации од секојдневието на учениците** | **лажење** | **неправда** | **подмитување** | **уценување** | **клеветење** |
|---|---|---|---|---|---|
| Ако некој ти даде сок и сендвич и ти рече: „Никому не му кажувај дека не ги платив.“ | | | | | |
| Мими ја обвини Мирфетка дека ја навредувала Михаела со погрдни зборови. Наставникот ја праша Михаела дали некој ја навредувал, а таа се чудеше за што станува збор. | | | | | |
| Тони беше многу тажен кога слушна дека има мал број бодови на тестот по Математика. Потоа го разгледа сопствениот тест и виде дека голем дел од задачите не се прегледани. | | | | | |
| Панче виде како Муамер ја кажува невистината за случката со Кика. Потоа му рече на Муамер дека ќе им објасни на другарите за невистините што ги кажувал за Кика ако не му даде фудбалска топка. | | | | | |
| Симон се врати дома и рече дека на училиште бил многу пофален од наставникот. Но, тој ден Симон воопшто не беше на училиште. | | | | | |
| Миле секој ден на помалите ученици им го зема џепарлакот. Тие не смеат ништо да кажат бидејќи Миле ќе ги натепа. | | | | | |

# СОЦИЈАЛИЗАЦИЈА

## Активирај го твоето предзнаење!



Ќе ја објаснуваш социјализацијата како процес преку кој децата учат како да станат членови на општеството.

- Како се однесуваш кога некој ќе побара помош од тебе?
- Зошто некои деца не играат заедно со своите другарчиња?
- Какво е твоето мислење за нив?

**Социјализација**

**Што е социјализација?**

Социјализацијата е процес...

Процес преку кој децата учат да станат членови на **општеството**.

**Што е општество?**

Општеството е организирана заедница...

Организирана **заедница** на луѓе кои живеат според одредени правила и создаваат материјални и културни добра.

**Социјализацијата** е долг процес кој се одвива низ целиот живот на секој човек. Постојат неколку фази на социјализација низ кои минува секој човек. **Детството** е период кога детето учи да комуницира со другите. Семејството му помага да ги научи основните правила на однесување, да стекнува навики и да задоволува потреби. На тој начин детето се стреми да стане член на општеството. Други фази на социјализација на човекот се: **младост, зрелост и старост.** Социјализацијата влијае врз однесувањето на човекот во групата и општеството, на почитувањето и применувањето или непочитувањето и неприменувањето на етичките вредности, на позитивните или негативните особини на секој човек. Преку неа луѓето се соочуваат со предизвиците во животот за да ги решат на позитивен начин.

## Размисли и одговори!



1. Објасни за процесот на социјализација!
2. Кога започнува процесот на социјализација?
3. Наброј ги фазите на социјализација!
4. Преку примери објасни за белезите на недоволно социјализирано дете! Кои се причините за тоа!

## Активности со цело одделение

Направете Венов дијаграм и во едниот дел наведете особини на социјализирано дете, а во другиот дел на несоцијализирано дете! Зошто во заедничкиот дел на Веновиот дијаграм не припаѓа ниту една особина?

| Особини на социјализирано дете | Особини на несоцијализирано дете |
|---|---|
| Добар другар, одговорен кон задачите, праведен, секогаш спремен да помогне, чесен, искрен... | Не помага на другарите, не ги почитува желбите на другите, мисли само на своите потреби и желби (егоистичен), лажливец... |

Ќе ја објаснуваш улогата на општествените (социјалните) норми во животот на луѓето.

**Општествени/ социјални норми**

## Активирај го твоето предзнаење

- Што ќе се случи ако не си толерантен?
- Како треба да се однесуваш кон децата кои се немоќни или се болни?

**Што се општествени/ социјални норми?**

**Правила** што ги пропишува општеството. Тие може и да се менуваат во зависност од времето и условите.

Одговорноста, училишните правила, почитта на туѓото мислење, соодветното облекување, хуманиот однос кон послабите и немоќните, толеранцијата, солидарноста, хигиената на јавните простори се само дел од општествените/социјалните норми.




## Активност во мали групи!

На шест ливчиња е напишан по еден од следните зборови:

1) ученик, 2) родител, 3) сосед, 4) пријател, 5) доктор и 6) полицаец. Секоја група треба да извлече по едно ливче со задача да одговори на прашањето: Какво однесување се очекува од...? Одговорите треба да се однесуваат на напишаното на извлеченото ливче. Групите ги запишуваат своите одговори и ги презентираат пред сите.
Потоа добиваат нова задача: учениците, во рамки на групата, треба да одговорат на прашањето од каде знаат како треба да се однесуваат учениците, родителите, соседите, пријателите, докторите и полицајците.

## Отворена дискусија со заклучоци



Учениците, родителите, соседите, пријателите, докторите, полицајците и другите членови на општеството знаат како треба да се однесуваат според пропишаните општествени или социјални норми. Општествените/социјалните норми се учат во текот на социјализацијата, што претставува процес преку кој децата учат како да станат членови на општеството.

Ќе ја објаснуваш улогата на социјализацијата во формирањето на личноста.

## Активирај го твоето предзнаење!

- Ако твоите другари тренираат тенис, дали и ти ќе играш со нив тенис? Зошто?
- Доколку често гледаш филмови со несоодветна содржина, како тоа ќе влијае на твоето однесување и расположение?

**Формирање на личноста**

**Што е личност?**

**Личност** е збир на сите особини: физички, психички, социјални кои го прават човекот посебен.

Имам свои лични особини, способности и карактеристики, како и особини што би сакал да ги променам.

Јас сум посебна и се разликувам од другите.

Јас сум личност и се разликувам од другите.



Врз формирање на личноста влијаат: семејството, училиштето, врсниците и медиумите.

Личноста се формира во текот на социјализацијата и повеќето особини на личноста кои се манифестираат во однесувањето кон другите и кон работата се учат.

Конфликтите во семејството, родителската строгост или големата слобода, агресивното однесување кон децата, недоволната родителска љубов кон децата итн. имаат негативно влијание врз личноста. Позитивно влијание кај децата имаат: родителската љубов, хармонијата во семејството, солидната финансиска состојба, искрениот однос меѓу децата и родителите, вистинското другарство со врсниците, почитувањето на училишните правила од учениците и друго. Кои влијанија ќе преовладаат, таква личност ќе се развие.

Запиши ги твоите особини и особините на твоето другарче, односно запиши како се однесува кон другите и кон работата!

ТИ



ТВОЈОТ ДРУГАР ИЛИ ДРУГАРКА





### Размисли и објасни!

1. Која е твојата најдобра особина што ти ја кажале соучениците?
2. Што е тоа што сакаш да го подобриш кај себе?
3. Кои особини ти се допаѓаат кај твојот наставник/наставничка?
4. Наведи позитивни особини на една личност во однос на тоа како се однесува кон другите луѓе!
5. Наведи негативни особини на една личност во однос на тоа како се однесува кон работата!
6. Зошто некои личности се поодговорни од други?
7. Зошто некои личности се потрудољубиви од други?

### Активности во мали групи




**Прва задача**
Секоја група добива работен лист во чиј центар е нацртан круг во кој пишува ЛИЧНОСТ.
Задачата на групите е во празните кругови да наведат различни особини на личноста преку кои се манифестираат различни начини на однесување на личноста **кон другите луѓе** или **кон работата**.

**Втора задача**
Се води дискусија за тоа зошто личностите се разликуваат според нивните особини и според начинот на кој се однесуваат кон другите и кон работата.
**Трета задача**
Со цел учениците да донесат заклучоци, се води отворена дискусија преку следниве прашања:

- При кој процес се формира личноста?
- Под кое влијание се формираат повеќето особини на личноста во однесувањето кон другите и однесувањето кон работата?

# СОЦИЈАЛИЗАЦИЈА



Ќе ја објаснуваш улогата на семејството, училиштето, врсниците/другарите и медиумите во процесот на социјализација.

## Активирај го твоето предзнаење!

- Како влијаат на тебе различните содржини од интернет?
- Како љубовта во семејството влијае на твоето однесување?

**Што се фактори на социјализација?**

Влијанија од сопственото опкружување.

**Фактори на социјализација**

**Фактори** на социјализација се: семејството, другарите/врсниците, училиштето и медиумите.



**СЕМЕЈСТВО**
Тоа има големо значење за оформување на социјализирана личност. Љубовта и сигурноста која постои во семејството влијае на развојот на децата. Родителите претставуваат пример за детето и тоа се идентификува со нив.Тука детето стекнува и љубов кон уметноста, книгата, спортот, музиката и сл.



**ДРУГАРИ/ ВРСНИЦИ**
Значајно влијание за личноста имаат другарите/врсниците со кои другарува детето. Однесувањата, постапките, интересите, хобито, спортувањето итн. придонесуваат за тоа дали детето ќе има позитивни или негативни особини.





**УЧИЛИШТЕ**
Тука се стекнуваат знаења, навики, се почитуваат училишните правила, се другарува со соучениците. Треба да се настојува учениците да градат позитивен однос кон општеството.




Покрај тоа што информираат, интерактивните содржини многу можно делуваат на мислењата, ставовите и погледите за светот и за животот. Понекогаш толку многу силно влијаат на развојот на личноста што може да создадат голема штета за личноста. Затоа, информациите кои се добиваат може да бидат лажни и треба да многу се внимава и да се провери нивната веродостојност.

Секој фактор на социјализација е подеднакво важен и има различно влијание во различни периоди од детството. Во процесот на социјализација децата може да научат да ги почитуваат етичките вредности, но и да не ги почитуваат, во зависност од тоа што го научиле под влијание на сопственото опкружување (факторите на социјализација).



## Активност во мали групи

**1. Техника „Коцка“. (Работете на големи квадрати од хамер!)**
Соработувајте во групата, давајте свои идеи и мислења, дискутирајте, почитувајте го туѓото мислење и аргументирајте!
На секоја страна на коцката запишете ги вашите заклучоци, а може да додате фотографии или да нацртате слики! Креираната одделенска коцка, презентирајте ја!

**Прва група**
**општо**
ФАКТОРИ НА СОЦИЈАЛИЗАЦИЈА

**Втора група**
**спореди**
СЕМЕЈСТВОТО И УЧИЛИШТЕТО КАКО ФАКТОРИ НА СОЦИЈАЛИЗАЦИЈА

**Трета група**
**асоцирај**
ВРСНИЦИ, ДРУГАРИ, ИГРИ, ПОМАГАЊЕ, СОРАБОТКА...

**Четврта група**
**анализирај**
ЗОШТО СИТЕ ФАКТОРИ НА СОЦИЈАЛИЗАЦИЈА СЕ ПОДЕДНАКВО ВАЖНИ?

**Петта група**
**примени**
УЛОГАТА НА МЕДИУМИТЕ ВРЗ РАЗВОЈОТ НА ПОЗИТИВНИ ИЛИ НЕГАТИВНИ ОСОБИНИ

**Шеста група**
**дискутирај**
ШТО ЌЕ СЕ СЛУЧИ АКО ИЗОСТАНЕ ЕДЕН ФАКТОР НА СОЦИЈАЛИЗАЦИЈА?

**2. ДЕБАТА**

Секоја група работи на еден од факторите на социјализација: **семејството, другарите (врсниците), училиштето и медиумите**.

- Групите даваат што е можно повеќе аргументи, поддржани со примери од реалноста, со кои треба на другите да им докажат дека „нивниот” фактор е најважен за тоа што децата ќе научат дека е добро/лошо да го прават и како ќе се однесуваат.
- Потоа групите наизменично кажуваат по еден аргумент со пример. Секој следен пат групите се претставувани од различен член.
- Секој ја започнува својата аргументација со реченицата: **Семејството/училиштето/другарите/медиумите (во зависност од групата на која ѝ припаѓа) е најважно/се најважни за социјализацијата затоа што...** и наведува еден аргумент проследен со пример.
- На крајот, во отворена дискусија, се донесуваат заклучоци:
  а) Кои фактори на социјализација се најважни? Зошто?
  б) Од што зависи дали личноста ќе ги почитува или нема да ги почитува етичките вредности?



# ПРИПАДНОСТ НА РАЗЛИЧНИ ГРУПИ

## Активирај го твоето предзнаење!



Ќе објаснуваш (преку примери) како припадноста на различни општествени групи го определува идентитетот на секој поединец.

- Во кој спортски клуб членуваш?
- Колку ученици има во твоето одделение?
- Колку девојчиња има во сите петти одделенија?

**Што е општествена/ социјална група?**

Припадност на група според сличности, исти интереси и цели на нејзините членови.

**Општествена/ социјална група**

Секој човек има потреба да другарува, да соработува, да работи на иста задача и да оствари зедничка цел во групата на која ѝ припаѓа. Меѓу луѓето постојат сличности и разлики во припадноста на групите. Припадноста на конкретно семејство ја споделуваат мал број луѓе, припадноста на одредена паралелка повеќе, на одредено училиште уште повеќе, на одредена професија уште повеќе, на одредена етничка група уште повеќе, на одредена држава уште повеќе, а на одреден пол/род најмногу.

**Јас сум девојче. Моето семејство го сочинуваат мајка ми, татко ми и јас. Јас сум ученичка во V в одделение. Учам во основното училиште „Гоце Делчев“. Јас сум Македонка. Јас сум од РС Македонија.**



**Јас сум момче. Моето семејство го сочинуваат мајка ми, брат ми и јас. Јас сум ученик во VI б одделение. Учам во основното училиште „Тефејуз“. Јас сум Турчин. Јас сум од РС Македонија.**



# ПРИПАДНОСТ НА РАЗЛИЧНИ ГРУПИ



**Јас сум маж. Моето семејство го сочинуваат мајка ми, мојата сопруга и јас. Јас сум лекар. Работам во болницата „Прима“. Јас сум Италијанец. Јас сум од Италија. Ова е мојот идентитет.**



**Припадноста на групите** го определува нивниот **идентитет**. На пример, не е исто дали е некој ученик во трето или во петто одделение, во основно или во средно училиште, дали некој работи како наставник или како полицаец. Полот, физичките особини, местото на раѓање се фактори кои се дадени од самото раѓање. За другите фактори, на пример: на која група ќе припаднеме, која ќе биде нашата професија, местото на живеење, факултетот, интересот кон одредена музика или спорт одлучуваме сами, а влијание има и нашето опкружување (семејство, врсници). Сите овие, но и други фактори влијаат на формирање на идентитетот.

## Активност

Дополнете ги речениците и претставете се!

- **Јас сум ________ (момче или девојче).**
- **Моето семејство го сочинуваат ________ (членови на семејството).**
- **Јас сум ученик во ________ одделение (паралелката).**
- **Учам во основното училиште ________ (име на училиштето).**
- **Јас сум ________ (етничката група, на пример, Македонец/Македонка, Србин/ Србинка, Албанец/Албанка итн.).**
- **Јас сум од ________ (името на државата).**

Откако ќе се претставаат, учениците се групираат според различните елементи од описот и застануваат во „својата“ група на определено место во училницата. Групите се:

1) момчиња и девојчиња;
2) ученици во... конкретното одделение;
3) ученици во конкретното училиште;
4) припадници на секоја застапена етничка група посебно;
5) граѓани на РС Македонија.



Која сум јас? Моите особини кои ме прават слична, посебна и различна од другите се мојот **идентитет**. Тој се создал од моето раѓање и се развива како што растам, односно во текот на мојот живот.

# ПРИПАДНОСТ НА РАЗЛИЧНИ ГРУПИ

Кога е во група, личноста постигнува подобар успех. Тоа е така поради заедничките напори на членовите во групата. Во секоја група постојат однапред формулирани правила. Секој член си има своја улога во групата. Луѓето чувствуваат поголема приврзаност кон членовите на групите на кои им припаѓаат отколку на другите.

Родителите повеќе ги штитат своите деца отколку туѓите. Жените лесно се солидаризираат кога се нападните за нешто од мажите.



**Група фудбалерки**



**Група дедовци**



**Група танчери**



**Група пожарникари**



**Група девојчиња**



**Жители на држава**

**Разгледај ги сликите и одреди во кои групи сами одлучуваме дали ќе припаѓаме, а во кои припадноста е одредена со самото раѓање!**

## Размисли и одговори!

1. Наведи примери на сличности и разлики според припадноста на групите!
2. Заокружи во која од наведениве групи има најголем број луѓе:
а) конкретно семејство, б) одделенска заедница, в) ученици во конкретно училиште, г) возачи, д) етничка група, ѓ) жители на една држава, е) одреден пол/род!
3. Објасни, преку примери, како припадноста на групите го определува нивниот идентитет!
4. Што чувствуваат луѓето кон членовите на групата во која припаѓаат?
5. Наведи неколку примери на колку и на кои групи припаѓаш!

Ќе ја објаснуваш (преку примери) разликата меѓу национална/државна и етничка припадност.

## Национална/ државна и етничка припадност

### Активирај го твоето предзнаење!

- На кој народ припаѓаш?
- Наброј народи од светот кои ги знаеш!
- Што е заедничко на еден народ?

**Што е етничка припадност?**

Припадност на група на луѓе со заеднички јазик, историја, култура и (обично) географска територија.

**Што е национална/ државна припадност?**

Припадност на држава како заедница на припадници кои имаат заедничко државјанство.



Фотографијата е преземена од:
[Сите националности на светот. Колку националности има во светот?]

Луѓето кои живеат во една држава може да имаат различна **етничка припадност**, но сите се граѓани на таа држава и имаат иста **национална/државна припадност**. На пример, во нашата држава живеат: Македонци, Албанци, Турци, Срби, Бошњаци, Власи, Роми и други народи. Тие имаат различна **етничка** припадност, но иста **национална/државна** припадност.

### Активности

### 1. Истражувај

Истражувај на интернет или во енциклопедии и наведи неколку примери на држави каде што луѓето имаат различна етничка припадност, но живеат во иста држава.

### 2. Работа во пар



Нацртајте го знамето на нашата држава, а од другата страна на листот запишете што ве прави горди што сте граѓани на нашата држава!

**Етничка група**, **етнос** или **народ** е група луѓе кои имаат заедничко биолошко потекло, заедничка историја, раса, родови врски, јазик, култура и изглед. Може да имаат иста или различна вероисповед.

Потоа презентирајте и дискутирајте!

- Зошто нашата држава има мултиетнички карактер?
- Кои се заедничките особености на граѓаните на нашата држава?

На пример: (Гостопримливост, солидарност...)

### 3. Работа во мали групи

Освен Македонци, во нашата држава живеат и други етнички заедници: Албанци, Турци, Срби, Роми, Власи, Бошњаци. Секоја етничка заедница си има своја култура и традиција, религија, свои народни песни и ора, традиционални јадења и јазик.



**Зелник**



**Тавче гравче**



**Сарма**



**Баклава**



**Македонско оро**



**Албанско оро**



**Пастрмајлија**



**Ромско јадење**

Секоја група истражува на интернет, на посочени веб-страници од наставникот, во енциклопедии и во книги од одделенската или училишната библиотека.

- Првата група треба да истражува за **јазикот** на различните етнички групи кои живеат во нашата држава.
- Втората група треба да истражува за **традиционалните јадења/десерти** на различните етнички групи кои живеат во нашата држава.
- Третата група треба да истражува за **народните песни и ора** на различните етнички групи кои живеат во нашата држава.
- Четвртата група треба да истражува за доминантната **религија** на различните етнички групи кои живеат во нашата држава.

Секоја група ги запишува податоците во одделенска табела и се дискутира за сличностите и разликите во културите и традициите.

| Етникум | Јазик | Писмо со кое пишуваат | Традиционални јадења | Традиционални десерти | Народни песни или народни ора | Религија |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Македонци | | | | | | |
| Албанци | | | | | | |
| Турци | | | | | | |
| Срби | | | | | | |
| Роми | | | | | | |
| Бошњаци | | | | | | |
| Власи | | | | | | |

### Ако сакаш повеќе да знаеш...

Во САД живеат голем број етнички групи, но сите се граѓани на САД. Постои идеја за „американска нација“, но е исклучително различна во етничкиот состав. Во Руската Федерација има повеќе од сто и осумдесет етнички припадности.



Ќе ја објаснуваш улогата на граѓаните како се покажува почит кон сопствената држава.

## Национална/ државна и етничка припадност

### Активирај го твоето предзнаење!

- Како се покажува почит кон сопствената држава?
- Кој ти обезбедува бесплатно основно образование?



Секоја држава обезбедува образование, лекување, зборување на мајчин јазик, можности за вработување, струја и вода. На тој начин ја покажува почитта кон своите граѓани. Додека, пак, граѓаните ја почитуваат државата ако ги почитуваат симболите на државата, законите, им помагаат на сограѓаните.

### Активности

1. Секој ученик на жолта налепница/самолепливо ливче запишува како државата ги почитува своите граѓани. На сина налепница/самолепливо ливче запишува преку кои дела граѓаните ја почитуваат сопствената држава. Налепниците/самолепливите ливчиња истакнете ги на одделенските паноа во училница! Потоа прочитајте ги сите заклучоци и често потсетувајте се на нив!

**Државата ги почитува граѓаните ако им обезбеди:**
- **бесплатно лекување;**
- **образование;**
- **струја;**
- **вода.**

**Граѓаните ја почитуваат својата држава преку:**
- **почитување на законите;**
- **почитување на правилата на однесување;**
- **химната на државата;**
- **хуманоста.**







## ВРЕМЕ Е ЗА КВИЗ

**Што научив за припадност на различни групи?**

Размисли и заокружи еден или повеќе одговори!

**1. Како граѓаните покажуваат почит кон сопствената држава?**
а) Ги почитуваат законите.
б) Се грижат само за себе.
в) Не ги знаат правилата на однесување.

**2. Кои фактори влијаат на формирањето на идентитетот на кои ние не можеме да влијаеме, ниту околината?**
а) полот
б) разни социјални групи
в) етичките вредности
г) потеклото
д) семејството
ѓ) здравјето
е) изгледот
ж) возраста
з) одлуките
ѕ) интересите



**3. Која е разликата меѓу национална/државна и етничка припадност?**
а) Етничкиот идентитет на една личност се поврзува со нејзината припадност кон повеќе етнички групи, а националниот идентитет со припадност кон многу држави.
б) Етничкиот идентитет на една личност се поврзува со нејзината припадност кон една етничка група, додека националниот идентитет со припадност кон одредена држава.

**4. Одреди го идентитетот на твоето другарче! Потоа обој го полето со црвено ако тој е одреден со неговото раѓање, а ако е одреден по сопствена желба и влијание на околината, обој го со зелена боја!**

- ☐ Мојот другар _________ (име) е _________ (момче или девојче).
- ☐ Неговото семејство го сочинуваат _________ (членови на семејството).
- ☐ Тој/таа е ученик во _________ одделение (паралелката).
- ☐ Учи во основното училиште _____________________________________________ (име на училиштето).
- ☐ Тој/таа е _____________ (етничката група, на пример: Македонец/Македонка, Србин/ Србинка, Албанец/Албанка итн).
- ☐ Тој/таа е од _____________ (името на државата).
- ☐ Тој/таа припаѓа на _____________ (на која група спортисти).
- ☐ Тој/таа членува во _____________ (секција во училиште).
- ☐ Тој/таа е жител на општина _____________ (во која општина живее).

# Човекови права



Ќе објаснуваш, преку пример, дека основните човекови права произлегуваат од потребите на луѓето за опстанок, развој и напредок во општеството.

## Активирај го твоето предзнаење!

- Кои се твоите желби без кои не можеш да опстанеш?
- Која е твојата најголема желба? Колку е неопходна и дали веднаш мора да се оствари?

**Човековите права се** универзални и им припаѓаат на сите луѓе во светот.

**Потребите** се обично работи кои се неопходни и од нив произлегуваат човековите права.

**Разгледај ги дијалозите на децата и размисли!**

Кое дете не смее и не може да опстане, да се развива и да напредува ако неговите желби не се остварат? Зошто?



Моите желби се: чист воздух, чиста вода за пиење, здрава храна, образование, здравствена заштита, другарување, слобода, безбедност, да имам свој дом и семејство...



Моите желби за оваа година се: да добијам таблет-компјутер, црвен велосипед, ролерки, скии за зимување, убави патики. Имам и други желби, но тие можат и родителите да ми ги исполнат подоцна.

Желбите на девојчето може, но и не мора да се остварат. Таа може да живее и без нив. Но, желбите на момчето се неопходни за живот. Желбите кои ги има момчето се потреби. **Потребите** се обично работи без кои не е можен опстанок, развој и напредок во општеството. Од нив произлегуваат човековите права.



### Работа во мали групи

1. Секоја група добива комплет со дваесет напишани и илустрирани картички и неколку празни картички. На секоја од напишаните картички е претставена една потреба или една желба.

| | | | |
|---|---|---|---|
| СОПСТВЕНА СОБА | ЧИСТА ВОДА | ЗДРАВА ХРАНА | СОПСТВЕН ВЕЛОСИПЕД |
| ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА |  ПАТИКИ | ЧИСТ ВОЗДУХ | БЕЗБЕДНОСТ |
| МОЕ СЕМЕЈСТВО | ЏЕПАРЛАК СЕКОЈ ДЕН | МОЈ КОМПЈУТЕР  | СЛОБОДА |
| СОПСТВЕН ДОМ | КУЌА НА МОРЕ | ОБРАЗОВАНИЕ | |
| | | | |

2. Прва задача е да ги разгледаат картичките и доколку мислат дека недостасува нешто што тие го сакаат и што им е многу важно, тоа да го напишат (и да го нацртаат) на празните картички.
3. Откако ќе ги комплетираат картичките, се бара да издвојат осум картички од кои би можеле да се откажат доколку мораат.
4. Откако наставникот ќе ги собере картичките од кои се откажале, од групите бара да се откажат уште од други осум.
5. Секоја група ги лепи преостанатите картички на лист и ги презентира пред другите.
6. Се констатира кои работи се повторуваат во сите групи, а потоа се дискутира од кои работи полесно се откажале, а од кои потешко и зошто.

- Што е прикажано на картичките? Зошто од некои желби се откажавте уште во првиот круг? Што е прикажано на картичките кои ги задржавте? Дали се потреби или желби?



Ќе наведуваш кога и каде е донесена Универзалната декларација за човекови права и ќе објаснуваш зошто.

## Универзална декларација за човекови права

### Активирај го твоето предзнаење!

- Кои човекови права ги познаваш?
- Каква организација е Организацијата на обединетите нации (**ООН**)?



**Човековите права се** универзални и им припаѓаат на сите луѓе во светот.

**ООН – Организацијата на обединетите нации** е меѓународна организација чија цел е одржување на светскиот мир, спроведување на човековите права итн. во земјите од целиот свет.

Во минатото луѓето немале еднакви права и постоеле големи разлики меѓу нив во однос на бојата на кожата, материјалното богатство, разлики меѓу мажите и жените и сл. Луѓето биле **дискриминирани** (омаловажувани, навредувани, понижувани) по различни основи. Во Америка, луѓето од црната раса биле долго време дискриминирани. Биле организирани масовни убиства и никој не одговарал пред законот поради тоа. Поттикнати од борците за човекови права, за првпат во историјата на човештвото, луѓето од целиот свет договориле човекови права на меѓународно ниво, како **систем од правила**, кои се универзални и неделиви и важат за сите луѓе во светот, без оглед на возраста, полот, расата, религијата, социјалната припадност.



### Кој ги донел човековите права?

Овој многу важен документ се нарекува **Универзална декларација за човекови права**, изгласан од страна на **Генералното собрание на Организацијата на обединетите нации (орган на ООН)** како препорака до сите земји во светот.



### Зошто се донесени?

Несреќите, големиот број жртви и страдањата на луѓето за време на **Втората светска војна** се дел од причините зошто се донесени.



### Каде и кога се донесени?

**Универзалната декларација е изгласана на 10 декември 1948 година во Париз и содржи 30 члена,** односно препораки кои се однесуваат на човековите права и слободи против сите видови дискриминација.

Затоа, **10 Декември е Меѓународен ден на човековите права**.

## Активности

1. Истражи и запознај се со сите 30 члена на Универзалната декларација за човекови права на следниов линк: [Универзалната декларација за човековите права - Manual for Human Rights Education with Young people (coe.int)]

2. Направете ваков одделенски графички приказ со човекови права кои се дел од Универзалната декларација за човекови права! Секој нека запише на лист во облик на сфера едно човеково право и нека го додаде! Потоа да даде пример за тоа човеково право, дека тоа човеково право произлегува од потребите на луѓето за опстанок, развој и напредок во општеството!

**Пример**

Секој има право на живот, право на слобода и право на безбедност. Овие права произлегуваат од потребата на човекот да биде слободен, да живее и да биде безбеден во секој аспект.




## Ако сакаш повеќе да знаеш...

Обединетите нации опфаќаат 193 земји членки. Главното седиште се наоѓа во Њујорк.



Ќе ги објаснуваш, преку примери, базичните принципи на човековите права (универзалност, неотуѓивост, еднаквост и недискриминација).

## Принципи на човековите права

### Активирај го твоето предзнаење!

- Што подразбираш под еднаквост?
- Опиши пример за дискриминација!

**Кои се основните принципи на човековите права?**

Универзалност, неотуѓивост, еднаквост и недискриминација.

Секогаш кога на едни им се дозволува нешто што на други им се забранува, без да има вистинска причина за тоа, се прекршува **принципот на еднаквост** и се прави дискриминација. Принципот на **универзалност** значи дека човековите права се сеопфатни за сите луѓе во светот. Принципот на **неотуѓивост** подразбира дека човековите права не смеат да му бидат одземени на кој било човек во светот, без разлика на раса, боја на кожа, пол, јазик, вероисповед, политичко или друго мислење, национално и општествено потекло, имотна состојба, раѓање или кои било други услови. Кога нема ограничување на човековите права на определена група, тогаш се запазува принципот на **недискриминација.**

### Активности

1. Определи дали даденото тврдење е точно (Т) или неточно (Н)! Тврдењата се однесуваат на основните принципи на човековите права: еднаквост, недискриминација, универзалност и неотуѓивост.

**Универзалност и неотуѓивост**

- Човековите права важат само за граѓаните на богатите земји.
- Бегалците ги имаат истите човекови права како и другите граѓани.
- Човековите права му припаѓаат на секое човечко суштество со самото негово раѓање.
- Човековите права може да им се одземат на луѓето кои не ги заслужуваат.

**Еднаквост и недискриминација**

- Сите човечки суштества се родени слободни и со еднакви права.
- Никој не смее да биде дискриминиран врз основа на полот, расата, етничката припадност, религиската припадност, возраста, потеклото, попреченоста или статусот во општеството.
- Оправдано е мажите да заработуваат повеќе од жените.
- На луѓето кои имаат поинакво мислење треба да им се забрани да зборуваат на телевизија.
- На девојчињата не смее да им биде забрането да играат фудбал затоа што се девојчиња.

2. Според овие тврдења (кои се примери), одреди кои основни принципи на човековите права се запазени или се прекршени!

а) Играјте ја најомилената игра во вашето одделение, но во играта да учествуваат само момчињата! На девојчињата да им биде забрането да играат.

- Како се чувствуваа девојчињата кога им беше забрането да ја играат најомилената игра?
- Кое човеково право беше прекршено, а кој принцип на човеково право не беше запазен?

б) Дебатирајте во одделението за причините за нечистиот воздух во Скопје и кои се последиците, но на шест ученици да им биде забрането да го кажат своето мислење за тој проблем!

- Кое човеково право беше прекршено кон овие шест ученици, а кој принцип на човеково право не беше запазен?



в) Наставникот објаснува дека треба да се изработи проект за екологија, но четири ученици нема да учествуваат бидејќи се од жолта раса.

- Кое човеково право е прекршено кон овие четири ученици, а кој принцип на човеково право не е запазен?

г) На еден концерт не смеат да влезат луѓето кои се од одредена држава и луѓето кои се од бела раса.

- Кое човеково право е прекршено кон овие луѓе, а кој принцип на човеково право не е запазен?

д) Џордан е примерен, исполнителен и редовен ученик во училиштето. Училиштето во кое учи наплаќа школарина. Но, директорот еден ден му соопшти дека не може да продолжи, бидејќи нема пари да плати за школарина.



- Кое човеково право е прекршено кон Џордан, а кој принцип на човеково право не е запазен?



**Борци за човекови права**

**Активирај го твоето предзнаење!**

– Што мислиш, дали денес постои рамноправност меѓу жените и мажите?

Ќе ја објаснуваш улогата на Роза Луксембург во борбата за постигнување на правата на жената и придобивките за човештвото од борбата на Мартин Лутер Кинг за еднаквост и недискриминација.

**Роза Луксембург, борец за правата на жените.**

**Мартин Лутер Кинг, борец за еднаквост и недискриминација.**

Низ историјата, многу од човековите права не се почитувале во светот. Така, Афроамериканците (луѓе од црна раса кои се жители на САД) долго време биле дискриминирани. Во минатото, жените не биле рамноправни со мажите. Пример за иста работа жените секогаш добивале помалку плата од мажите. Поради овие причини се јавиле луѓе кои се бореле за човековите права.

**Роза Луксембург** била жена со напредни идеи која жестоко се борела за правата на жените и за работничките права. Родена е на 5 март 1871 година во еврејско семејство во Полска. Таа имала значајна улога во политичката историја, но имала и значаен придонес во **идејата за рамноправност на мажите и жените.** Имала храброст да влезе во светот на политиката, што се сметала за машка сфера, да се избори за глас, да ги ги изложи своите ставови и идеи и да се залага за нив. Била личност со голема самодоверба. Не признавала никакви ограничувања. Со своите дела настојувала да ги охрабри и другите жени да го следат нејзиниот пример. Жените, работничката класа, националните малцинства и селаните ги сметала за општествени групи кои државата не ги почитува, ниту им ги дава неопходните човекови потреби.






## Мартин Лутер Кинг



Мартин Лутер Кинг за првпат станал свесен за расизмот на шестгодишна возраст кога еден родител не му дозволил на сопствениот син да си игра со него. Станал познат во 1950-тите години кога како млад проповедник раководел со обидите да биде прекината практиката на дискриминација на црните патници во јавните автобуси во Монтгомери, Алабама. Во 1950-тите и 1960-тите години организирал протести против дискриминацијата и борбата за еднаквост и гласачки права на Афроамериканците. Заклучил дека за успех на движењето за граѓански права треба да се применуваат ненасилни протести наместо вооружена борба. Со познатиот говор „Имам сон“ ја започнал националната кампања за граѓански права. Движењето за граѓанско право во 1964 година постигнало успех кога претседателот на САД, Линдон Џонсон, го потпишал Законот за граѓански права со кој се забранува расната дискриминација на јавни места, а Кинг ја добил Нобеловата награда за мир. Следната година, Законот за гласачки права им дозволил на Афроамериканците да учествуваат на изборите.

### Активности во мали групи



Првата група добива задача да истражува и да направи мултимедијална презентација за придонесот на Роза Луксембург во борбата за постигнување на правата на жената. Мултимедијалната презентација треба да содржи неколку фотографии од Роза Луксембург и пет реченици во кои освен основните биографски податоци се наведени и нејзините заложби, односно нејзиниот придонес. https://okno.mk/node/25122
https://akademik.mk/megjunaroden-den-na-zhenata-pravata-na-zhenite-se-nerazdeliv-del-od-univerzalnite-chovekovi-prava/



Втората група треба да истражува и да направи мултимедијална презентација за придонесот на Мартин Лутер Кинг во борбата за еднаквост и недискриминација на луѓето од црната раса во САД. Мултимедијалната презентација треба да содржи неколку фотографии од Мартин Лутер Кинг и пет реченици во кои освен основните биографски податоци се наведени и неговите заложби, односно неговиот придонес.
https://mk.voanews.com/a/who-was-martin-luther-king/4752610.html



Третата група треба да работи на придонесот на Роза Луксембург и да подготви пет пароли наменети за протест против дискриминација на жените со кои потоа симулира протест во училницата.



Четвртата група треба да работи на придонесот на Мартин Лутер Кинг и да подготви говор со пет подолги реченици против нееднаквоста и дискриминацијата кој потоа се чита на „говорница“, со соодветна дикција и невербална комуникација.

# ПРАВАТА НА ДЕТЕТО

Ќе правиш разлика меѓу групите права на детето (на преживување, на развој, на заштита и на учество).

**Детски права**

**Активирај го твоето предзнаење**

- Наброј неколку детски права.
- Што значи право на образование за секое дете?

Според **Конвенцијата за правата на детето Член 1**
Дете е човечко суштество кое нема навршено 18 години од животот.

Секое дете треба да си ги знае своите права, да ги почитува, правилно да ги применува и разговара за нив.

На 20 ноември 1959 година, Генералното собрание на ОН ја усвои Декларацијата за правата на детето, а на **20 ноември 1989 година ја усвои и Конвенцијата за правата на детето.**Во неа се нагласува дека сите деца имаат права кои произлегуваат од оваа Конвенција, без оглед на тоа кои се, каде живеат, што им работат родителите, дали се сиромашни или богати, на кој јазик зборуваат, на која религија или култура ѝ припаѓаат, дали имаат некоја попреченост или инвалидитет. Конвенцијата за правата на детето е **меѓународен договор** за човекови права и има 54 члена.
Детските права може да се поделат во четири групи.

**ООН(Организација на обединети нации)**

**UNICEF (Фонд за деца во состав на Обединетите нации)**

Во табелата се наведени по неколку детски права во секоја група. Запиши уште неколку детски права според барањата во табелата.

| ПРАВА НА ПРЕЖИВУВАЊЕ | ПРАВА НА РАЗВОЈ | ПРАВА НА ЗАШТИТА | ПРАВА НА УЧЕСТВО |
|---|---|---|---|
| Член 6 Заштита на опстанок и развој<br>Член 9 Принцип на неразделување од родителите<br>Член 18 Одговорност на родителите и старателите<br>Член 24 Здраствена заштита и медицинска нега | Член 28 Право на образование<br>Член 10 Помош за обединување на семејството<br>Член 8 Заштита на детскиот идентитет<br>Член 7 Заштита на детското име и идентитет | Член 2 Принцип на недискриминација<br>Член 19 Заштита од злоупотреба и занемарување<br>Член 22 Заштита на деца – бегалци<br>Член 33 Заштита од дроги | Член 3 Приоритет на детски потреби<br>Член 12 Слобода на мислење и право на глас<br>Член 13 Слобода на изразување<br>Член 14 Слобода на мисла, совест и религија |
| | | | |
| | | | |

# ПРАВАТА НА ДЕТЕТО



**Детските права на учество** значат дека децата треба да имаат слобода да се здружуваат со другите, слобода на изразувањето на личното мислење и слобода да добиваат информации од повеќе различни извори.



**Детските права на развој** значат дека на децата мора да им бидат дадени извесни услови кои ќе овозможат најдобар личен развој. Во оваа група се образованието, семејството, културата и идентитетот како важни делови од детскиот живот.



**Детските права на преживување** ги содржи сите детски основни потреби. Потреба за исхрана и заштита, добар животен стандард и здравјето.



**Детските права на заштита** значи дека децата имаат право на заштита од злоупотреба, занемарување, економско искористување, мачење, киднапирање итн.

## Активност:

1. Разгледај ја и прочитај ги детските права **на детската верзија** [Македонска верзија :: МОИТЕ ПРАВА За деца од 9 до 12 години (childrensembassy.org.mk)]
2. Сите ученици го запишуваат своето име на ленти од хартија во боја. Потоа креираат постер со ленти од имиња. Дискусијата се води според следниве прашања: Како го доби името? Зошто сите деца имаат име? Што би било ако сите луѓе имаат исто име? Ако воопшто нема имиња што ќе се случи? За кое детско прво станува збор?
3. Поразговарајте за овие тврдења во одделението зошто секој треба да има име.

- Со името се станува дел од заедницата.
- Со избор на име на дететото родителите ги изразуваат своите желби, мисли и чувства.
- Секогаш се претставувам со моето има.
- Името секој го добива кога ќе се роди.

**УНИЦЕФ** има за цел унапредување на одбраната на правата на децата, исполнување на нивните основни потреби и придонес кон нивниот развој.

## Размисли и одговори:

1. Кога е усвоена Конвенцијата за детски права?
2. Колку члена има Конвенцијата за детски права?
3. Како се групирани детските права?
4. Која е разликата меѓу детските права на учество и детските права на развој?
5. Која е разликата меѓу детските права на преживување и детските права на заштита?



6. Група деца од една населба сметаат дека групата на детски права за преживување е најважна и без тие права не може да опстои ниту едно дете. Овој нивен заклучок го напишале преку социјалните групи за деца. Имало голема дебата од многу деца.

Што мислиш која група на детски права е најважна за децата? Дебатирајте во одделението и слободно изразете ги вашите размислувања. Дадете аргументи за и против.

# ПРАВАТА НА ДЕТЕТО

## Детски и човекови права

### Активирај го твоето предзнаење



Ќе објаснуваш зошто правата на детето се посебни во однос на човековите права.

- Дали правото за здраствена заштита го има во Конвенцијата за правата на детето и во Универзалната декларација за човекови права? Зошто?

Детските права се исти со човековите права.

Сепак детските права се посебни во однос на човековите права.

Децата ги имаат истите права како возрасните според принципот на универзалност на Универзалната декларација за човекови права.Но тие се поранливи од возрасните (поизложени на ризици) поради што начинот на остварување на нивните права е поразличен. Во Конвенцијата за правата на детето од 1989 година се регулираат специфичностите на детските права.
( PREAMBULA (unicef.org))

### Активност:

Објасни преку примери од секојдневниот живот како ги практикуваш овие детски права.



Секој ден по часовите си играм и дружам со другарчињата, бидејќи имам ПРАВО НА ИГРА И ДРУЖЕЊЕ.

**право на заштита од насилство**

**право на здравствена заштита**

**право на приватност**

**право на квалитетно образование**

**право на сопствено мислење**

**право на одмор и слободно време**

**право на образование**

**право на пристап до информации**

# ПРАВАТА НА ДЕТЕТО



Ќе ги поврзуваш правата со одговорностите.

## Активирај го твоето предзнаење

- Дали правото за здраствена заштита го има во Конвенцијата за правата на детото и во Универзалната декларација за човекови права? Зошто?

Секое дете треба да ги практикува детските **права**.

Секое дете треба да ги почитува детските **одговорности** и практикува.

### Детски права и одговорности

Децата ќе ги практикуваат детските права онолку колку им е овозможено. Значи дека практикувањето на секое детско право значи ѝ правилно практикување на тоа право според поставените правила и закони во една држава.Секое детско право е поврзано со **одговорност** на детето која исто треба да ја почитува и практикува.



Имам право да имам наставници кои што ќе ми објаснуваат за да можам да научам.
Но, и имам **одговорност** да не ги попречувам наставниците во наставата и другите ученици во учењето.

Имам право на слобода, но ѝ **одговорност** да се однесувам примерно и според општествените и морални правила на однесување, а не како овие мои другарчиња до мене. Моја **одговорност** е да не навредувам, да не се тепам со другарчињата и возрасните,...



## Активност:

1. Работа во парови

Создадете стрип по овој пример. Одберете пет детски права и за секое напишете, како ќе го практикуваш и одговорноста поврзана со тоа право.

## ПРАВАТА НА ДЕТЕТО

**Активности:**



Ќе препознаваш ситуации на повреда на сопствените права и на правата на

1. Според дадениве ситуации одреди каде има повреда на детските права, но и повреда на правата на другите.За кое детско право станува збор? Која одговорност поврзана со тоа детско право не се почитува од децата? Запишете ги заклучоците на одделенски постер и изложете го во училницата. Дискутирајте за секоја ситуација во одделението.



















**Ќе истражуваш и ќе научиш за:**



## ШИРЕЊЕ НА НАСЕЛЕНОСТА НА ЗЕМЈАТА

- Каде и кога се појавиле првите луѓе?
- Како се развивало и ширело населението на Земјата?

## ГОЛЕМИТЕ ГЕОГРАФСКИ ОТКРИТИЈА

- Кога и како се откриени континентите?

## НАСЕЛЕНИЕТО ВО СВЕТОТ

- Површина, број на население, густина на население наталитет, морталитет, природен прираст, миграции, боја на кожа, религија.



## НАЈГОЛЕМИТЕ ДРЖАВИ ВО СВЕТОТ

- Најголемите држави на континентите според површина и бројот на население.
- Главни градови и најголеми градови на најголемите држави на секој континент.

## НАСЕЛЕНИЕ, ПОВРШИНА И МЕСТОПОЛОЖБА НА РС МАКЕДОНИЈА





**При учење и истражување на содржините од втората тема ќе се оспособиш:**

- Да објаснуваш како големите географски откритија придонеле за ширење на населението од еден континент на друг.
- Да ги редиш континентите по големина според површината, според бројот на население и густината на населеност.
- Да правиш разлика меѓу најгусто населен континент и континент со најголем број на население.
- Да правиш разлика меѓу наталитет, морталитет и природен прираст на населението.
- Да ги објаснуваш структурата и движењето на населението во светот.
- Да ги наведуваш најголемите држави на секој континент (според површината и според бројот на население) и нивните главни градови и да ги покажуваш на географска карта.
- Ја опишуваш РС Македонија според: местоположбата во Европа и на Балканскиот Полуостров, површината, бројот на население и густината на населеност.





## НОВИ ЗБОРОВИ

**Прачовек** - најстар предок на човекот.
**Миграција на населението** е трајна или привремена промена на живеалиште од страна на поединец или група.
**Наталитет** - родени (број на родени деца за период од една година) во однос на бројот на жители на едно место, крај или држава.
**Морталитет** - смртност, број на смртни случаи во однос на целокупниот број на населението во една земја или едно подрачје за една година.
**Природен прираст** - разликата помеѓу наталитетот (родени) и морталитетот(починати) на одредено население, во одреден временски период.
**Религија** - вера, верување во еден или повеќе богови. Религии се христијанството, исламот, хиндуизмот, будизмот, јудаизмот и други.





# ШИРЕЊЕ НА НАСЕЛЕНИЕТО



Ќе наведуваш каде и кога се појавиле првите луѓе.

## Активирај го твоето предзнаење

- Каде и кога се појавиле првите луѓе?
- Како изгледале првите луѓе?

**Првите луѓе**

**Еволуција е долг процес каде живите суштества се развиваат, менуваат низ генерации.**

Во минатото има различни толкувања за настанокот на човекот. Тие биле според религиозни претстави. Науката вели дека човекот потекнува од еден вид развиени човеколики мајмуни.



**Од прачовек до современ човек**



**Предци на човекот**



**Човеколики мајмун**

**Прачовек** е првиот предок на човекот. Тој се појавил во Источна Африка, пред повеќе милиони години. Нашите човеколики предци живееле во потоплите предели богати со вода и храна.(извор Енциклопедија Британика).

## Како изгледал прачовекот?

Тој бил наведнат, целото тело му било со влакна, а главата помала. Во почетокот, првобитниот човек живеел во пештери. Се хранел со животните што ги ловел, како и со плодови и корења од растенијата што ги наоѓал во природата. Прво орудие и оружје му бил каменот. Првобитниот човек почнал да работи со орудијата што ги правел сам од дрво, од камен и од коски. Така станал многу посилен и поснаодлив. Собирајќи плодови од дрвјата, започнал повеќе да се исправа и да се движи на задните нозе.



**Прачовек**

## ШИРЕЊЕ НА НАСЕЛЕНИЕТО

Првите луѓе не умееле да зборуваат и се разбирале меѓу себе со извици, со мимики и гестови. Во текот на илјадници години, човекот го развивал говорот. Говорот станал многу значаен за разбирањето меѓу луѓето и имал голема улога во натамошниот развој на човекот. На тој начин човекот започнал сè повеќе да се разликува од животните.
Човековите предци воделе постојана борба за опстанок, а најзначајна улога во формирањето на човекот ја имал трудот. Човекот за да преживее морал да размислува и така се оделил од животните.

### Размисли и одговори

1. Како изгледал првиот наш предок, прачовекот?
2. На кое место од светот се појавиле првите луѓе?
3. Како се разбирале првите луѓе? Дали знаеле да зборуваат?
4. Како човекот се исправил и почнал да оди на нозе?
5. Каде живеел и со што се хранел првобитниот човек?
6. Која е разликата меѓу прачовекот и современиот човек?



**Како се развивал говорот кај првите луѓе**



**Собирајќи плодови од дрвјата, започнал повеќе да се исправа и да се движи на задните нозе.**

### Работа во мали групи

- Прва група ќе истражува за изгледот на прачовекот во разни делови од светот.

- Втора група ќе истражува за развитокот на говорот кај првите луѓе.



**Еволуцијата на мозокот кај човекот**



### Ако сакаш повеќе да знаеш, истражувај од енциклопедии, интернет, историски книги, …

- Човечка еволуција е процес со кој човечките суштества се развиле на Земјата од сега изумрените примати. Гледано зоолошки, ние луѓето сме хомо сапиенс, вид на исправено одење што носи култура и живее на земја и многу веројатно првпат еволуирал во Африка пред околу 315 000 години.
*превземено од Енциклопедија Британика*

## ШИРЕЊЕ НА НАСЕЛЕНИЕТО



Ќе објаснуваш како се развивало и ширело населението на Земјата.

### Активирај го твоето предзнаење

Разгледај ги сликите и објасни.
- Како се ширело населението на Земјата?

ШИРЕЊЕ НА НАСЕЛЕНИЕТО







Пред илјадници години се случила првата миграција од Африка кон Азија.

### Ширење на населението низ светот

Ширењето на населението од едни предели во други се одвивало постепено. Прво во поблиски предели, а подоцна во подалечните.Луѓето не биле во состојба да обезбедат храна, па морале да одат во нови предели во потрага за храна. Првите луѓе започнале да преминуваат од Африка во Азија и Европа. Во Европа стигнале преку Азија кон Балканскиот полуостров. Преселувањето кон Америка е од Североисточна Азија. Поради тоа што живееле во различни природно - географски услови, низ илјадници години, постепено се менувале нивните физички одлики и изгледот, а добивале темна или светла боја на кожата, темна или светла коса и слично.



**Ширење на населението**

Има разни претпоставки пред
колку време се случувало ова.
Така едни научници сметаат дека распространувањето на првобитните луѓе е пред 200 000 година, други пак сметаат дека е пред околу милион години. Ова се само претпоставки и сеуште е предмет на истражување.

## ШИРЕЊЕ НА НАСЕЛЕНИЕТО

### Потсети се

**Природно-географските фактори се: релјефот, климата, хидрографијата, природните богатства (минерали, енергетски извори, растителен и животински свет).**

### Размисли и одговори

- Како почнало да се шири населението на Земјата?
- Од кој континент почнале предците да се раселуваат?
- Кои континенти се прво населени со нашите предци?
- Кога се препоставува дека случила првата миграција на првобитните луѓе?
- Како се развивало населението на Земјата? Зошто се менувале физичките одлики и изглед на луѓето?

### Работа во пар



Истражи и откриј како се населувале териториите во далечното минато.

На следниве линкови најди и дознај за ширење на населението.

[Human Prehistory 101 (Part 1 of 3): Out of (Eastern) Africa - YouTube]

[When And Why Did Our Early Ancestors Migrate Out Of Africa - YouTube]

### Самооценување

- Датум .........................................
- Колку сум задоволен од мојата активност во пар?
- Колку различни извори користев при активноста?
- Дали активноста ја разбуди мојата љубопитност да истражувам повеќе за првите миграции на прачовекот?

**Ако сакаш повеќе да знаеш, истражувај од енциклопедии, интернет, историски книги, медиум**

Се верува дека хомосапиенсот се појавил во Африка пред околу 300 000 години. Вид на животно кое систематски е познато како Homo sapiens (латински: свесен човек), и е единствениот преживеан член на родот Homo од двоножните примати во Hominidae, семејството на големи човеколики мајмуни.

## ШИРЕЊЕ НА НАСЕЛЕНИЕТО



Ќе ја објаснуваш разликата меѓу постојано населени, привремено населени и воопшто ненаселени предели на Земјата.

### Активирај го твоето предзнаење

- Што мислиш, од што зависи дали еден предел ќе биде населен со луѓе или не?

Население на еден предел го сочинуваат луѓето кои живеат во тој предел.

Населеноста на одреден предел зависи од природно-географските фактори.

**Постојано населени, привремено населени и воопшто ненаселени предел**

- Разгледај ги овие два предела и објасни зошто едниот е населен со луѓе, а другиот не?



Сахара



Њујорк

Деловите од светот кои се со сива боја се обично пустини, ледени пустини и места кои не се погодни за живеење.



Што мислиш дали овие места биле населени и во далечното минато?

- Зошто населениот простор во далечното минатото и денеска не бил ист?
- Разгледај ја картата и одреди кои предели од континентите се постојано населени.

## ШИРЕЊЕ НА НАСЕЛЕНИЕТО

1.**Постојано населен предел** е оној дел од Земјата кој е постојано населен со луѓе, каде постојано има човечки населби.Го сочинуваат обично пределите на Земјината површина каде има поволни природно-географски услови за живот.Така некои предели од континентите Европа, Азија, Австралија, Африка, Северна Америка и Јужна Америка се постојано населени предели.


**Токио најнаселен град во светот**


**Охрид**


**Село**

2.**Привремено населен предел** е предел е дел од земјината површина кој човекот привремено го населува односно само во одреден период од годината. Во овие предели човекот престојува поради здравствени, рекреативни или економски потреби во одреден период од годината. Привремено населени простори можат да бидат туристички населби на планина, езеро, река или море, планинарски куќи, викенд населби, рекреативни центри. Потоа научно – истражувачки центри, риболовни населби покрај водни пространства каде што е дозволен риболов, извиднички кампови на планина и слично.

- Зошто се само привремено населен простор риболовните населби?


**Рибарски куќи**


**Планински викенд куќи**


**Туристичка населба покрај река**

**3.Воопшто ненаселен предел** е делот од земјината површина кој воопшто не е населен.Поларните и песочните пустини, непристапните мочуришта, густите и непристапни екваторски, тропски и други шуми, каменитите предели, снежните простори на поларните предели и високите планински предели над снежната граница се предели каде нема постојани, ниту привремени човечки населби.


**Поларен предел**


**Тропска шума**


**Каменит предел**


**Висок планински предел**




1. Одреди и заокружи ги природно-географските фактори?.
а) релјеф б)клима в)население г) бачила
д) хидрографија ѓ) колиби и) населба ј) минерали
к) енергетски извори, л)растителен м) животински свет

2. Кои од овие предели е привремено населен?



а) Јужен пол - Антарктик



б) Северен пол - Арктик

## Размисли и одговори

1. Што значи постојано населени предели? Наведи примери на постојано населени предели.
2. Што мислиш, дали во ненаселените предели значи дека таму нема услови за живот?
3. Зошто Северниот и Јужниот пол и пустините се ненаселени простори?
4. Објасни со примери како зависи населеноста од природно - географските фактори?
5. Која е разликата меѓу населен и привремено населен предел? Објасни со примери.
6. Која е разликата меѓу воопшто ненаселен и привремено населен предел? Објасни со примери.
7. Разгледај ја картата на светот одреди кои предели се постојано населени и воопшто ненаселени предели?



## Работа во мали групи

Истражувајте, најдете фотографии, слики или мапи и направете плакати или постери.
- Прва група да изработи плакат за постојано населени предели.
- Втора група да изработи плакат за привремено населени предели.
- Трета група да изработи плакат за воопшто ненаселени предели.
- Четврта група да истражува за еден привремено населен предел и даде предлози што би можело да се направи тој да биде постојано населен предел.

Сите групи на постерот или плакатот со помош на Т- табела да запишат позитивни и негативни страни на пределот за кој истражуваат.



## Ако сакаш повеќе да знаеш….

Постојат неколку видови пустини, а Антарктикот им припаѓа на студените, поларни пустини. Со површина од дури од околу 14 милиони квадратни километри Антарктикот е најголемата пустина во светот.

# ГОЛЕМИТЕ ГЕОГРАФСКИ ОТКРИТИЈА



Ќе ги наведуваш откритијата на континентите (кога и како се откриени)

## Активирај го твоето предзнаење

- Зошто домородното население во Америка се нарекува Индијанци?
- Како се случило тоа ?  Кој го открил континентот Америка?



**Откривање на Америка**

**Откритијата на континентите**

Големите географски откритија  претставуваат период од човечката историја кој започнал во XV век и продолжил сè до XVII век. Постојат неколку причини за големите географски откритија кои ги поттикнале Европејците да откријат нови трговски патишта и нови земји. Илјадници Европејци во пренаселените делови на Европа имале потреба од преселување на други територии, а нивните кралеви сакале да освојуваат нови територии. Така овие мотиви ги натерале луѓето од Европа во потрага по нови земји.

Клучна причина за нови трговски патишта по море биле ѝ затворените трговски патишта по копно за европските трговци од Османлиската империја. Во Европа имало постојан пораст на побарувачката за ориентални производи, како што се азиските зачини, злато, скапоцени камења, свила и друго.

Во исто време се создале услови за големите географски откритија. Научниците и пронаоѓачите од тој период обезбедиле помагала како што се компасот, ги откриле огненото оружје и барутот, ги усовршиле георафските карти и ја подобриле техниката на бродоградбата. Бродовите (каравела) можеле да пловат преку океаните и собирале голем број морнари.



**Брод „Каравела“**

Шпанските и португалските морепловци први започнале со откривањето на патот по море кон Индија. Но наместо да стигнат во Индија тие откриле нов континент. Мислејќи, во почетокот дека тоа е Индија, домородното население го нарекле Индијанци.

# ГОЛЕМИТЕ ГЕОГРАФСКИ ОТКРИТИЈА



Ќе го поврзуваш откритието на континентите со ширењето на населението на Земјата



**Кристифор Колумбо** ја открил Америка во 1492 година. Тој ја истражил областа и почнала изградба на европски населби, а со тоа ја донел и европската култура. Тој мислел дека го открил поморскиот пат за Индија, па затоа и тамошните жители ги нарекол Индијанци.



Подоцна италијанскиот морепловец **Америго Веспучи** докажал дека Колумбо не го нашол патот за Индија, туку открил сосема нов континент. Ново откриениот континент, бил наречен Америка, според неговото име.
Пред Колумбо, Викинзите ја откриле Америка пред стотици години, но не ја населувале. Затоа откритието на Колумбо се смета за многу позначајно. На овој начин започнало **ширењето на населението** на новооткриениот континент Америка.






Португалскиот морепловец **Васко де Гама** направил три морски патувања до Индија помеѓу 1497 и 1524 година. Неговите патувања отвориле поморски пат од западна Европа кон исток и ја направиле Португалија светска сила. Така зачините како бибер, цимет, каранфилче, морско оревче се увезувале од Кина, Арабија и Индија, а биле поскапи од златото. Патот до Индија придонел за падот на цената на зачините во средниот век.

## ГОЛЕМИТЕ ГЕОГРАФСКИ ОТКРИТИЈА



Ќе го поврзуваш откритието на континентите со ширењето на населението на Земјата



**Фернандо Магелан** е истражувач од Португалија. Тој и неговите морнари биле првите Европејци што го преминале Тихиот Океан. Еден од неговите бродови го направил првото патување во 1519 година околу светот, иако тој не доживеал да го заврши патувањето. Тргнал од Португалија и движејќи се на исток кон Азија, тој го поминал Тихиот океан и стигнал до Јужна Америка. Бродот продолжил во ист правец, кон исток и се вратил во Португалија. Така докажал дека Земјата не е рамна, туку дека има тркалезна форма.



**Првото патување околу светот во 1519 година**

### Интересни податоци

Фернандо Магелан е првиот морепловец кој ја утврдил поврзаноста на Тихиот и Атлантскиот океан.



Британскиот истражувач, капетанот **Џеѕмс Кук** водел три патувања во Тихиот Океан. Неговите патувања го однеле на југ во близина на Антарктикот и на север до Беринговиот мореуз. На своите патувања стигнал до Источниот брег на Австралија. Го обиколил Антарктикот, го открил Нов Зеланд и Њуфаудленд(остров во Северно Леден Океан кој и припаѓа на Канада).




**Патувањата на Џејмс Кук**

## Кои се последиците од големите географски откритија?

**Мореуз** е тесен дел морска површина кој разделува две копна и спојува две морија, морски теснец.

- Откривањето на Америка, пронаоѓањето на поморски пат за Индија и првото патување околу светот.
- Започнало населување на ново откриените континенти Америка, Австралија, како и островот Нов Зеланд.
- Придонеле врз развојот на науката.
- Се создале населби на новите континенти. Од новите територии се носеле разни зачини во Европа.
- Влијаеле врз напредокот во картографијата и бродоградбата.
- Новото мислење дека Земјата има кружен облик ги натерало морепловците да да пловат кон исток, за да се вратат кон истата точка од запад.

## Размисли и одговори

1. Кои се причините за големите географски откритија?
2. Кое е откритието на Кристифор Колумбо?
3. Каде го однеле патувањата капетанот Џејмс Кук?
4. Кој го направил првото патување околу светот?
5. Објасни за откритијата на Фернандо Магелан?
6. Кој истражувач го открил патот до Индија?
7. Кои позитивни промени ги донеле големите географски откритија?
8. Објасни како почнало ширењето на населението во новооткриените континенти.


**Истражи** каде се наоѓаат, Нов Зеланд, Њуфаудленд, Австралија и Бернинговиот мореуз на географската карта на светот или од интернет.

## Ако сакаш повеќе да знаеш...

Од Европа во Америка биле донесени лозата, памукот, разни животни и видови овошје. Компирот, пченката, тутунот, какаото и друго почнале да се одгледуваат во Европа, а биле донесени од Америка.




**Одреди ги точните тврдења.(заокружи)**



- Кои се причините за големите географските откритија?

1. Изградба на бродови кои можеле да пловат преку океаните во Португалија.
2. Напредокот и ширењето на Османлинската империја во Европа била сериозна пречка за одвивањето на трговијата меѓу Европа и Азија.
3. Откриеното огнено оружје и барут.
4. Недостатокот на благородни метали и истовремената потрага по нова земја каде што ќе се најдат злато и сребро, зачини и слонова коска.
5. Желбата на христијаните за ширење на христијанството во ново освоените територии.
6. Желбата да се населат во Кина и Индија.
7. Потрагата по нови трговски патишта од Европа до Индија и Источна Азија.
8. Новите пронајдоци како хартија, сателит и компјутер.
9. Пронајдоци како што се морнарскиот компас и новите географски карти.
10. Подршката и помошта од страна на кралевите во Европските држави.

- Кои морепловци од Западна Европа ги презеле први патувања?
  1. Португалски и германски морепловци
  2. Шпански и француски морепловци.
  3. Шпански и португалски морепловци.



- Што создале научниците и пронаоѓачите од тој период?

  1. Создале помагала како што е компасот.
  2. Огненото оружје и барутот.
  3. Програми за компјутер.
  4. Ја подобриле вештината во правење геoрафски карти.
  5. Велосипед на две тркала.
  6. Бродови (каравела ) кои можеле да пловат преку океаните и со кои можеле да патуваат поголем број на морнари.



- Што придонеле големите географски откритија за понатамошниот развој на светот?

  1. Започнало масовно населување на ново откриените континенти Америка, Австралија, како и  островот Нов Зеланд.
  2. Од Европа во Америка биле донесени доматот, пиперката, бананата, разни животни и видови овошје.
  3. Компирот, пченката, тутунот, какаото и друго почале да се одгледуваат во Европа, а биле донесени од Америка.
  4. Се создале градови и населби на новите континенти.
  5. Од новооткриените територии се ископувале злато, сребро и се носеле разни зачини во Европа.



Ќе ги споредуваш континентите според површината и ќе ги набројуваш од најголем до најмал според површината.

## Активирај го твоето предзнаење

**Површина на континентите**

- Колку континенти има на Земјата?
  Процени кој е најголем континент по површина.

**Континент е огромно копнено пространство на Земјата.**




## Континенти по големина според површината

Земјата има седум континенти: Азија, Африка, Северна Америка, Јужна Америка, Антарктик, Европа и Австралија. Најголемиот континент во светот е **Азија**, со 44,5 милиони  квадратни километри. Зазема околу 30 % од вкупната површина на Земјата. **Африка** е вториот по големина континент во светот со 30 милиони квадратни километри земја. Австралија и Океанија ја опфаќа Австралија, Нов Зеланд и вклучува многу острови во Тихиот Океан.

| КОНТИНЕНТ | ПОВРШИНА ВО КВАДРАТНИ КИЛОМЕТРИ |
|---|---|
| Азија | 44,5 милиони km² |
| Африка | 30 милиони km² |
| Северна Америка | 24 милиони km² |
| Јужна Америка | 18 милиони km² |
| Антарктик | 14 милиони km² |
| Европа | 10 милиони km² |
| Австралија и Океанија | 9 милиони km² |

## Активност



Споредувај ги континентите според нивната површина и подреди ги од најмал до најголем.Толкувајте ги податоците од дијаграмот. (Колку km² имаат вкупно Азија и Европа? За колку km² има поголема површина Антарктик од Европа итн.?)

### Ако сакаш повеќе да знаеш..

Океанија е заедничко име за многубројни острови (околу 10 000) во југозападниот и средишниот дел на Тихиот Океан.

## НАСЕЛЕНИЕТО ВО СВЕТОТ



Ќе ги споредува континентите според бројот на населението и ќе ги набројуваш од најголем до најмал според населението.

### Активирај го твоето предзнаење

Разгледај ја сликата и објасни.

- Што мислиш дали на најголемиот континент според површина има ѝ најмногу жители?
- Колку жители има најмалиот континент по површина?

**Број на население на континентите**




Во 2023 година вкупното население на Земјата достигна околу 8 милијарди луѓе. Најнаселени земји во светот се Кина и Индија кои се наоѓаат на континентот Азија. Со овој податок Азија е најголемиот од континентите според бројот на население, со околу 4,8 милијарди луѓе. Европа има околу 741 милион жители и го завзема третото место според бројот на население во светот. Околу 26 милиони луѓе живеат во Австралија и Нов Зеланд. Населението на Антарктикот главно се состои од научно-истражувачки тимови. Бројот на жители варира, од околу 1100 во суровата антарктичка зима до околу 4 400 во поблагите летни месеци. Таму нема постојано населени жители.



### Активност во пар

- Податоците од бројот на население на континентите среди ги во табела и подреди ги од најголем до најмал. Креирај столбест дијаграм. Користи ги алатките на програма за обработка на податоци (Ексел). Споредувај ги континентите според бројот на населението.
- Толкувајте ги податоците од дијаграмот. (Колку вкупно жители имаат Јужна и Северна Америка? Колку жители има на Антарктик?)

| Континент | Број на население |
|---|---|
| Азија | 4,8 милијарди |
| Африка | 1,5 милијарди |
| Северна Америка | 604 милиони |
| Јужна Америка | 440 милиони |
| Антарктик | / |
| Европа | 741 милиони |
| Австралија и Океанија | 45 милиони |

**Податоци од 2023 година**

# НАСЕЛЕНИЕТО ВО СВЕТОТ



Ќе правиш разлика меѓу густина на населеност и број на население на континентите.

## Активирај го твоето предзнаење

- Разгледај ја картата на светот и процени кои делови од Земјата се најнаселени?
- Кои делови од континентите се ненаселени? Какви се природно-географските фактори во овие предели?
- Кој континент е најгусто населен?

**Густина на населеност**

**Густина на населеност претставува број на жители на 1 km².**

**Густината на населеност се одредува кога вкупниот број на населението се подели со големината на територијата на која живее.**




Густината на населеност се пресметува кога бројот на жители на одредена област се дели со површината на истата област.

Просечната густина на населеност на светско ниво е околу 54 жители на километар квадратен. Најгусто населена држава е Монако со околу 18 000 жители на километар квадратен, а најретко населена е Монголија со двајца жители на километар квадратен. (податоци од 2022 година) World Population Projections - Worldometer (worldometers.info)

## Размисли и објасни

- Разгледај ја картата на светот со податоци за број на население и одреди најгусто населен континент и континент со најголем број на жители. Дали е истиот континент? Твојата проценка провери ја со податоци од разни извори.
- Зошто континентите со голем број на жители не значи дека секогаш се и густо населени?

## НАСЕЛЕНИЕТО ВО СВЕТОТ



### Работа во мали групи

Прецртајте ги контурите на континентите(прилог 1), исечете ги и подредете ги според бројот на население почнувајќи од континентот со најголем број жители. Потоа обојте ги континентите по делови со нијанси на кафена боја(најгусто населени - темно кафена) до бела боја (ненаселени области на континентите) соодветно според картата или од други извори. Дискутирајте за разликата меѓу најгусто населен континент и континент со најголем број население. Заклучоците запишете ги и презентирајте ги пред соучениците.



### Истражувај на Интернет или од други извори.

- Подреди според густината на населеност, од најгусто населен континент до најретко населен континент.
- Кој континент не е населен и зошто?
- Разгледај ја картата на Европа и одреди кои делови од овој континент се најнаселени, а кои најретко населени?






### Ако сакаш повеќе да знаеш, истражувај од енциклопедии, интернет или медиуми.

Обединетите нации предвидуваат дека бројот на населението на Земјата во 2058 година ќе достигне 10 милијарди жители.

## НАСЕЛЕНИЕТО ВО СВЕТОТ



Ќе ја поврзуваш густината на населеност со природниот прираст и миграциските движења на населението.

### Активирај го твоето предзнаење

- Што мислиш, дали бројот на жители се менува постојано на континентите?
- Од што зависи постојаното менување на бројот на жители?

**Природен прираст, наталитет, морталитет, миграции**



**Наталитет** е однос на бројот на родените деца во една календарска година во однос на бројот на жители на едно место, крај или држава. Наталитетот постојано се менува.

**Морталитет** е смртност, број на смртни случаи во однос на целокупниот број на населението во една земја или едно подрачје. Стапката на морталитет со текот на времето се менува и е различна и по одделни континенти.



Наталитетот и морталитетот зависат од природните услови, општествените, социјалните и економските фактори. Густината на населеност пак директно зависи од зголемување или намалување на стапките на наталитет и морталитет. Кога густината на населеност е мала, тогаш се настојува да се зголеми наталитетот и морталитетот да биде помал, овозможувајќи бројот на населението да се зголеми.



**Рим во 1950**



**Рим во 2023**

Градот Рим во 1950 година имал 1,8 милион жители. Оваа 2023 година има околу 4,3 милиони жители. Така бројот на жители во овој град видно се зголемила за 73 година.

- Што мислиш кои се причините за толку големо зголемување на бројот на жители во Рим?



**Природен прираст** е разлика помеѓу наталитетот и морталитетот на одредено население, во одреден временски период. Тој е природна промена на населението и покажува пораст или опаѓање на бројот на население.






**Извор на податок: Natural rate of population growth by continent 2014 | Statista**

## Дискусија

Освен во Африка, природниот прираст е во опаѓање на сите континенти во последниве години.Толкувајте ги податоците од дијаграмот.

- Кои се вашите претпоставки за фактот дека во Европа природниот прираст е 0%?
- Во кои континенти има мал природен прираст?
- На кој континент природниот прираст е најголем и зошто?
- На кои два континенти природниот прираст е околу нулата?
- Што мисилите зошто природниот прираст во светот е многу мал?
- За колку проценти природниот прираст е помал во Северна Америка од Јужна Америка?
- Кои се вашите претпоставки за природниот прираст во иднина?

## Размисли и одговори

1. Од кои фактори зависи наталитетот, а од кои морталитетот?
2. Што е природен прираст?
3. Кога густината на населеност е мала што се настојува да се направи?
4. Објасни како влијаат природниот прираст врз густината на населеност?

Големо влијание врз преселување на населението имаат политичките, социјалните, економските и општествените фактори.

**војни**



**глад**



**сиромаштија**







Преселувањето и намалувањето на бројот на населението е условено од природните и климатските катастрофи.



**вулкан**



**поплава**




**пандемија**



**торнадо**



**земјотрес**





**цунами**

Сиромаштијата, низок животен стандард, воени конфликти, природни катастрофи се причина за преселување на населението.

**Миграција** е преселување на населението од едно на друго место. Таа се манифестира како **иселување** (емиграција) и **доселување** (имиграција). Според временскиот период може да биде постојана или привремена (дневни, седмични, месечни и сл.) промена на живеалиштето од страна на поединец или група.

**Миграциите** се делат на внатрешни и надворешни според тоа **каде се одвиваат**. **Внатрешните** миграции се одвиваат во рамките на една држава, кога населението се преселува од едно на друго место во својата држава. (на пример, лице кое се сели од село во град и обратно).

**Надворешните** миграции претставуват иселување од својата земја во друга земја од различни причини и доселување во друга земја заради подолг или постојан престој.

## Размисли и одговори

1. Објасни што е миграција?
2. Какви видови миграција има според тоа каде се одвиваат?
3. Кои се причините за миграција на луѓето во други делови од својата замја? За каква миграција станува збор?
4. Наведи примери за надворешна миграција?
5. Кои се причините за надворешна миграција?

## Активности



Поплава во Македонија на 6 август 2016





Земјотрес во Скопје 1963 г

## Податоци за природни катастрофи

Ерупцијата на планината Тамбора или Томборо е активен вулкан во Индонезија. Во 1815 година имало околу 71 000 жртви.
https://en.wikipedia.org/wiki/List_of_volcanic_eruptions_by_death_toll
Најсмртоносниот земјотрес во историјата бил во Шанкси, Кина во 1556 година. Се проценува дека загинале 830.000 луѓе.
hwww.history.com/this-day-in-history/deadliest-earthquake-in-history-rocks-china
Во 2004 година страшен цунами во Индискиот Океан, во Суматра, Индонезија, каде што се проценува дека починале 300.000 луѓе.



## Работа во мали групи

Истражувај на интернет на посочени страници од наставникот или од други извори:

- За последиците од цунамито во Индискиот океан во 2004 година.
- За последиците кои ги предизвика земјотресот во Скопје во 1963 година.
- За големата поплава во Стајковци во 2016 година.
- За последиците кои ги предизвика пандемијата КОВИД 19, во светски рамки.






Запишувајте ги заклучоците и презентирајте пред одделението.( Како овие природни катастрофи влијаеле на миграционите движења?)

## НАСЕЛЕНИЕТО ВО СВЕТОТ



Ќе ги објаснуваш промените во структурата на населението на континентите под влијание на миграциските движења на луѓето со различна боја на кожа и религиска припадност.

### Активирај го твоето предзнаење

- Кои се причините за промена на живеалиштето луѓето?
- Направете драматизација на текстот.

Постојат три раси во светот: црна, бела и жолта раса. Верската разноликост во светот ја сочинуваат: христијанството, исламот, хиндуизмот, будизмот, јудаизмот и други.

Мајка ми и татко ми по потекло се од Либерија. Се иселиле од таму поради воен конфликт. Јас сум родена во **Америка**, припаѓам на црната раса и муслиманската религија.

Јас сум **Македонец**. Моите родители не работеа, условите за живот беа многу тешки. Прво во Германија замина мојата мајка, а потоа се иселивме сите од семејството. Мојата вероисповед е православен христијанин и сум од бела раса.









Јас сум од Кина. Живееме во Австралија,
**Како се случи тоа?**
Кога започна пандемијата, ние бевме на гости во **Австралија** и тука останавме. Во мојата татковина многу луѓе умреа од оваа пандемија. Инаку сум од жолтата раса и моја вероисповед е будизмот.



## Дискутирајте во одделението

1. Кои се причините што овие луѓе се иселиле од својата земја?
2. Што ќе се случи ако во една држава ако се доселат голем број луѓе од различна етничка припадност?



Главни карактеристики на **структурата на населението се:** возраст, пол, етничка припадност и густина. Еден од начините за мерење на структурата на населението е пописот на населението.
Луѓето најчесто мигрираат, се иселуваат поради подобри услови за живеење. Миграцијата е исто така е важен фактор што треба да се земе предвид кога се гледа структурата на населението.



Преселувањето во друга држава, доколку е помасовно придонесува и до промена на структурата на населението во таа држава.
**Пример:**
Во држава има 500 000 жители Ако  во неа се доселат 100 000 луѓе од друга држава, тогаш структурата на населението во државата во која се доселиле ќе се промени по возраст, пол, етничка припадност и густина.



## Размисли и одговори

1. Кои се карактеристики на структура на населението.
2. Како се одредува или мери структурата на населението?
3. Што ќе се промени во структурата на населението на континентите под влијание на миграциските движења на луѓето со различна боја на кожа и религиска припадност?
4. Што ќе се случи со структурата на населението ако се доселат 300 000 луѓе? Државата има околу милион жители.
5. Во една држава која има 1 милион жители, 90% припаѓаат на една религија. Како ќе се промени етничката структура на таа држава ако се досели половина милион жители кои припаѓаат на друга религија?





### Истражувачки проект

Бидете мали новинари и истражувајте за причините за иселување и доселување на луѓето во нашата држава.

### Фази на проектот

1. Поделете се во мали групи.
2. Определете ги задачите, времето потребно за проектот.
3. Изберете материјали и информации ( текстови од весници, енциклопедии, интернет, медиуми, слики, фотографии, анкета или интервју со доселеници од друга држава или луѓе кои се спремаат да се иселат од нашата држава.





4. Впечатоците и заклучоците од истражувањето убаво обработете ги и подгответе се за презентација.

5. На крај направете проценка за вашата работа заедно со наставникот.





## Активирај го твоето предзнаење



Ќе наведуваш позитивните ефекти од миграциските движења.

- Како ќе се разбереш со луѓе кои се доселиле во твојата држава, а се уште не го знаат македонскиот јазик?
- Со што ќе го запознаш доселеникот за твојот град или село?

**Позитивни ефекти од миграциите**





**Позитивни ефекти од миграционите движења**:

1.Миграционите движења ја зголемуваат понудата на работна сила. Државата во која се доселуваат добива квалификувана работна сила. Сето ова помага во економскиот развој на државата.
2. Луѓето кои се доселиле во државата припаѓаат на различни раси, религии, јазици, а сето тоа придонесува за создавање на **мултиетничко** општество. Ова ги подобрува разбирањето и толеранцијата меѓу различните групи.
3. Поголема комуникација меѓу луѓето која придонесува за прифаќање на расните, религиските и јазичните разлики меѓу луѓето.
4. Имиграцијата придонесува до зголемување на бројот на населението во регионите каде што наталитетот е низок.
5. Доселениците се запознаваат со традицијата и историјата на државата каде што се доселиле и која треба да ја почитуваат.

## Размисли и одговори



- Кои се причините за миграција?
- Наведи пример за внатрешна миграција од твоето блиско опкружување.
- Кои се позитивните ефекти од внатрешна миграција, а кои од надворешна миграција?
- Како миграционите движења придонесуваат да се создаде мултиетничко општество?

## Истражувај од интернет или од други извори



Истражувајте за една миграција на населението.
Пример: миграција причинета од воен конфликт, од желба за подобар живот, поради природни катастрофи или друга причина според следниве насоки:

- Причина за миграцијата.
- Последици од миграцијата.
- Позитивни ефекти од преселувањето во друга држава за иселениците.
- Придобивките на државата во која има голем број доселеници од аспект на толеранција и разбирање меѓу луѓето од различни раси, религии и нации.

## НАЈГОЛЕМИТЕ ДРЖАВИ ВО СВЕТОТ



Ќе се оспособиш да правиш разлика меѓу големина на држава според површината и големина на држава според бројот на население.

### Активирај го твоето предзнаење

Разгледај ја картата на светот и процени:

- Кои држави се најголеми по површина на секој континент?
- Која држава е најголема по површина во светот?




### Потсети се

Кои предели на земјата беа ненаселени или привремено населени?

### Процени





**Што мислиш дали големината на површината на една држава значи дека таа држава има најголем број население?**

Во светот има околу 195 држави. Има и територии кои не ѝ припаѓаат на ниедна држава. Некои се населени, а некои не. Големите држави по површина имаат разни предели кои се густо населени, но и предели кои воопшто не се населени. Така државите може да имаат голема територија по површина, но мал број на жители во однос на површината.

**Примери:**

- Најголемата земја по површина, во светот е Русија со вкупна површина од околу 17 000 000 km² и зафаќа околу 11% од вкупната светска копнена маса. Но Русија има околу 146 милиони население, што во однос на површината е малку. Односно густината на населеност е околу 9 жители на квадратен километар.
- Кина е држава со најголем број на население со околу 1,4 милјарда и со густина на населеност од околу 151 жители на km². (податок од 2022)
- Најгусто населена држава е Монако со околу 18 000 жители на km² пресметано во 2022 година. Површината на Монако е 2 km².



## Активности

Разгледај ја табелата ѝ донеси заклучок која е поврзаноста на големината на површината на една земја со бројот на жители во таа земја.

Податоците се преземени од следниов линк https://www.worldometers.info/geography/largest-countries-in-the-world/

| број | име на држава | површина во km² | број на население |
|---|---|---|---|
| 1 | Русија | 17 098 246 | 146 122 520 |
| 2 | Канада | 9 984 670 | 37 742 154 |
| 3 | Кина | 9 706 961 | 1 456 188 319 |
| 4 | САД | 9 372 610 | 336 925 270 |
| 5 | Бразил | 8 515 767 | 217 186 052 |
| 6 | Австралија | 7 692 024 | 25 499 884 |
| 7 | Индија | 3 287 590 | 1 421 869 561 |
| 8 | Аргентина | 2 780 400 | 45 195 774 |
| 9 | Казакстан | 2 724 900 | 18 776 707 |
| 10 | Алжир | 2 381 741 | 43 851 044 |

- Кои се најголеми држави по површина во светот?
- Која држава има најголем број на жители? Колкава е нејзината површина?
- Која е најголема држава по површина во светот?

а) Зошто оваа држава нема најголем број жители?
б) Кои се причините што некои нејзини предели воопшто не се населени?

## Работа во пар

- Работи со алатките на програма за обработка на податоци(пример: ексел, калк и други).

| ранг | држава | број на жители | заокружено на милиони |
|---|---|---|---|
| 1. | Бразил | 217 186 052 | 217 милиони |
| 2. | Мексико | 133 120 646 | 133 милиони |
| 3. | Индија | 1 421 869 561 | 1 422 милиони |
| 4. | САД | 336 925 270 | 337 милиони |
| 5. | Индонезија | 282 467 169 | 282 милиони |
| 6. | Пакистан | 234 494 471 | 234 милиони |
| 7. | Кина | 1 456 188 319 | 1 456 милиони |
| 8. | Нигерија | 222 597 645 | 223 милиони |
| 9. | Бангладеш | 169 754 090 | 170 милиони |
| 10. | Русија | 146 122 520 | 146 милиони |

- Подреди ги податоците (тие што се заокружени на милиони) во табела, од најголем број жители до најмал.
- Креирај столбест дијаграм според податоците од табелата и откријте која држава има најмногу жители.
- Подредете ги првите десет држави почнувајќи од државата со најмал број жители.
- Презентирајте и дискутирајте во одделението.(Која по ред по број на жители е Русија? Кои две држави имаат над милјарда жители? итн.)

**Бројот на населението во секоја држава се менува секоја секунда. Овие податоци се преземени во јули 2023 година. Доколку сега погледнете на линкот, податоците за бројот на население се разликуваат од овие во табелите.**

### Истражувај од интернет или од други извори

На следниов линк може да дознаеш за рангирањето на 195 држави според нивната површина во квадратни километри .
https://www.worldometers.info/geography/largest-countries-in-the-world/
На следниов линк може да дознаеш како во секоја секунда се менува бројот на жители на планетата Земја.
https://www.worldometers.info/world-population/



# НАЈГОЛЕМИТЕ ДРЖАВИ ВО СВЕТОТ



Ќе ги наведуваш најголемите држави на секој континент (според површината и според бројот на население) и ќе ги лоцираш на политичка карта.

## Активирај го твоето предзнаење

Разгледај ги картите на континентите процени и откриј:

- Која држава е најголема по површина на секој континент?
- Која држава е најголема по површина во светот?





















## Работа во мали групи




Секоја група нека разгледа еден континент и да запише кои се трите најголеми држави по површина на континентот. Користете интернет или други податоци за вашите тврдења да бидат што поверодостојни.

Една група нека објаснува за континентите Австралија и Антарктик.( Колку држави има на овие континенти? Зошто на Антарктик нема држави? )

## НАЈГОЛЕМИТЕ ДРЖАВИ ВО СВЕТОТ

Според најновите податоци (2023) на Ворлд метар (Worldometar) во Европа има 44 држави, а најголема според бројот на население е Русија.Нашата држава го зазема 32 место во Европа според бројот на население Кина е најголема држава на континентот Азија според број на население. Во Северна Америка најголема држава според број на население е САД, а во Јужна Америка е Бразил. Во Африка најмногу население има во Нигерија. Австралија е во исто време й континент и држава со околу 26 милиони население. Антарктикот е само територија.



**Податоци за државите со најголем бројот на население по континети имаат за цел да ти помогнат при истражувачки активности, а не за меморирање факти.**

### Работа во пар

Разгледајте ги податоците за најголемите држави според број на население и лоцирајте ги на картите. Заокружете го името на државата.




### Азија

- Кина 1 456 188 319 население.
- Индија 1 421 869 561 население.




### Африка

- Нигерија 206 139 589 население
- Етиопија 114 963 588 население

### Антарктик нема жители

Официјално нема, но има истражувачки станици кои се населени со мали групи научници во секое време. Во текот на сезоната 2011/2012, околу 417 000 туристи го посетиле континентот.



## НАЈГОЛЕМИТЕ ДРЖАВИ ВО СВЕТОТ




### Европа

- Русија 146 122 520 население
- Германија 83 783 942 население
- Велика Британија 67 886 011 население




### Северна Америка

- Соединетите Американски Држави 336 925 270 население
- Мексико 128 932 753 население
- Канада 37 742 154 население




### Јужна Америка

- Бразил 217 186 052 население
- Колумбија 50 882 891 население




### Австралија со Океанија

- Австралија 25 499 884 население
- Папуа Нова Гвинеја 8 947 024 население
- Нов Зеланд 4 822 233 население

## НАЈГОЛЕМИТЕ ДРЖАВИ ВО СВЕТОТ

### Активности

1. Обиди се да ги лоцираш и запиши го **само името** на најголемата држава по број на население на секој континент на картата. Користи ги податоците од стр.65 и стр.66 за број на население во најголемите држави на секој континент.




2. Во табелите се првите три најголеми држави по површина и население во светот.

- Која држава се наоѓа во двете табели?

| број | име на држава | површина во km² |
|---|---|---|
| 1 | Русија | 17 098 246 |
| 2 | Канада | 9 984 670 |
| 3 | Кина | 9 706 961 |

| број | име на држава | број на население |
|---|---|---|
| 1 | Кина | 1 456 188 319 |
| 2 | Индија | 1 421 869 561 |
| 3 | САД | 336 925 270 |

### Ако сакаш повеќе да знаеш....

- Бројот на жители се менува секоја секунда и доколку имаш желба да знаеш колку жители има одредена држава пребарај на следниов линк.

https://www.worldometers.info/population/

## Активирај го твоето предзнаење



Ќе ги именуваш главните градови и најголемите градови на најголемите држави на секој континент и ќе ги лоцираш на политичка карта.

- Кои се најголеми држави на секој континент по население, а кои по површина?
- Кои поголеми градови си ги посетил надвор од твојата држава?

**Најголемите градови и главни градови на најголемите држави**




**Кина** е држава со најголем број на население во светот, со околу 1,4 милијарда жители. Таа ја има најдолгата копнена граница во светот и граничи со 14 земји.
Главниот град на Кина е **Пекинг**, со околу 20 милиони жители. Се наоѓа во Северна Кина. Шангај е најголемиот град во Кина и втор по големина град во светот. Лоциран е на устието на реката Јангцекјанг.

## Што да посетите во Кина?

- Кинескиот ѕид е најдолг ѕид во светот. Истражувај колку е неговата должина. [Great Wall of China | Definition, History, Length, Map, Location, & Facts | Britannica]
- Големиот Буда од Лешан или пештерите Јунганг и Националните паркови и полињата со ориз.



Шангај



Пекинг




**Русија** е најголема држава според површината во **Европа** и во **светот.** Нејзината површина зафаќа голем дел од два континента: Европа и Азија. Железничкиот сообраќај е мошне развиен и користен од жителите. Најдолгата железничка линија е од Москва до Владивосток.

Најголеми градови се: Москва, Санкт Петербург, Новосибирск, Екатеринбург и други милионски градови.

**Москва** е главен град на Русија и е најнаселен град во државата, со околу 12,7 милиони луѓе(податок од 2020г.). Познат е по својата богата култура и енергична историја. Москва е најсеверниот милионски град во светот.

Санкт Петербург е поранешен главен град на Русија, има население од околу 5,4 милиони луѓе. Тој е втор најнаселен град во Русија, главно поради неговата локација на Балтичкото Море. Познат е по поврзувањето со градови како Москва, Варшава и Хелсинки преку железница.

### Што да посетите во Русија?

- Бајкалското Езеро е единствениот слатководен басен во светот населен со фоки.
- Во Москва: Музејот Ермитаж кој има околу 570 уметнички дела од врвни светски уметници, Црвениот плоштад, Театар Бољшој, кој има најдобри балетски претстави во светот.
- Дворците во Санкт Петербург, езерото на реката Нева.
- Дворецот на Екатерина Велика во Екатеринбург и многу други дворци, споменици и интересни нешта.



Москва



Санкт Петербург

## НАЈГОЛЕМИТЕ ДРЖАВИ ВО СВЕТОТ






Дизниленд



**Соединетите Американски Држави (САД)** ги сочинуваат 50 сојузни држави. Главен град е **Вашингтон** и се наоѓа во сојузната држава со исто име - Вашингтон.



**Вашингтон**



**Лос Анџелес**

**Вашингтон** е основан по Американската револуција и именуван по таткото основач и првиот претседател на Соединетите Американски Држави, генералот Џорџ Вашингтон.

Лос Анџелес или Градот на ангелите, во Калифорнија е втор град по големина. Холивуд, Дизниленд и Беверли Хилс се најубавите места кои вреди да се посетат.

**Њујорк**



Големото јаболко“, Њујорк е најнаселен град во земјата.Во него се наоѓа еден од најпознатите светски споменици - Кипот на слободата.




**Бразил** е најголемата држава по површина и по број на население во Јужна Америка. Главен град е **Бразилија** која се наоѓа во централно-западниот регион на Бразил. Овој град се наоѓа во бразилските висорамнини. Преселувањето на главниот град на Бразил во Бразилија ја одразува желбата да се премести главниот град на поцентрално место за да се зголеми растот на населението во внатрешните региони на Бразил. Бразилија е град познат по своите безброј облакодери.



**Бразилија**



**Рио Де Жанеиро**

Со население со околу 20 милиони жители Сао Паоло е најголемиот град во Бразил и во цела Јужна Америка.



**Сао Паоло**



**Реката Амазон во Бразил**

**Ако сакаш повеќе да знаеш**

Бразил е еден од најголемите производувачи на кафе во светот и таму се наоѓа голем дел од амазонската дождовна шума, т.н. бели дробови на планетата.




**Австралија** е континент и држава која од сите страни е опколена со океани. Средишниот дел од земјата е пустински или полусушен. Всушност, Австралија е најсувата и најрамната населена земја во светот и земја со најмалку плодна почва. Југоисточниот и југозападниот дел имаат умерена клима, каде што живее најголем дел од населението. Главен град е **Канбера.** Покрај Канбера, поголеми градови се Сиднеј и Мелбурн.

**Канбера** е главен град на Австралија.Тој се смета за град на образованието на нацијата и постојано се рангира високо како еден од најдобрите градови во светот за студенти. Езерото Бурли Грифин се наоѓа во неговиот центар, а наоколу има големи шуми и национални паркови/природни резервати.





**Сиднеј** е втора по големина град во Австралија, дом на „Операта“, место на многубројни плажи. Сместен е на југоисточниот брег. Сиднеј е едно од најважните поморски пристаништа во Јужниот Пацифик.

**Мелбурн** се наоѓа на јужниот брег во источниот регион на земјата и е околу 900 километри југозападно од Сиднеј. Тој е најјужниот град во светот, со население од над еден милион луѓе и познат по својата архитектура.








**Алжир** се наоѓа во Северна Африка и има крајбрежје на Средоземното Море на север. По површина е најголема држава во Африка која граничи со седум земји. Главен град е **Алжир**, а поголеми градови се Оран и Ел Џефла.

### Работа во мали групи



Првата група е „туристичка агенција”, а другите групи се претставници на „туристи”.(туристи од разни нации). Туристите се обраќаат до туристичката агенција да им организира пат до одредено место на некој континент. Туристичката агенција им го планира патувањето, им посочува поголеми држави и градови, број на население и им објаснува зошто треба да ги посетат тие држави и градови. Двете групи со помош на туристичка карта на светот ги одредуваат дестинациите и мапираат кои држави и градови треба да ги посетат.

### Размисли и одговори

- Кој е најголем град по број на жители во Јужна Америка?
- Кој е најголем град според бројот на население во САД?
- Зошто најголемите градови во Австралија се лоцирани на југот од континентот?
- Кои градови и држави имаат исто име и на кој континент се наоѓаат?
- Кои најголеми градови би сакал да ги посетиш и зошто?
- Ако сакаш да го видиш Кинескиот ѕид, која држава треба да ја посетиш?

**Истражувај** на следниов линк ако сакаш повеќе информации за големите градови во светот.
https://www.worldatlas.com/cities/the-10-largest-cities-in-australia.html

### Активности

- Пополнете ја табелата според барањата.

| Континент | Најголема држава по површина | Главен град | Нешто карактеристично за државата |
|---|---|---|---|
| Азија | | | |
| Европа | | | |
| Северна Америка | | | |
| Јужна Америка | | | |
| Африка | | | |
| Австралија | | | |
| Антарктик | | | |

- Запиши ги имињата на најголемите држави на секој континент и нивните главни градови.



**Активирај го твоето предзнаење**



Ќе ја лоцираш РС Македонија на картата на Европа, како држава на Балканскиот Полуостров.

Разгледај ја картата на Европа процени и откриј:

- На кој континент се наоѓа нашата држава?
- Според површина кое место го зазема Европа меѓу континентите?







**Европа** е континент кој го зафаќа западниот дел од големото евроазиско копно. РС Македонија се наоѓа во Јужна Европа, на Балканскиот полуостров. Балканскиот полуостов е дел од југоисточна Европа.

Разгледај ја картата на Балканскиот полуостров и откриј:

- Кој дел од Европа го зафаќа Балканскиот полуостров?
- Кои држави го сочинуваат Балканскиот полуостров?

**Полуостров** е копно опкружено од три страни со вода и една страна со копно.




**Балканскиот полуостров** е дел од јужна Европа. На него се наоѓаат, нашата држава заедно со Грција, Албанија, Србија, Косово, Црна Гора, Босна и Херцеговина, Хрватска, Словенија, Романија, Бугарија и дел од Турција. Мал дел од Турција се наоѓа на Балканот. Нашата држава се наоѓа во средишниот дел на Балканот.

## Размисли и одговори

- На кој полуостров се наоѓа нашата држава?
- Кој дел од Европа го зафаќа РС Македонија?
- Наброј ги државите кои се наоѓаат на Балканскиот полуостров?
- Колку држави има на Балканскиот полуостров?



**Истражувај** на следниов линк ако сакаш повеќе информации за Балканскиот полуостров.

https://www.worldatlas.com/articles/balkan-countries.html

## Активирај го твоето предзнаење



Ќе ја опишуваш РС Македонија според површината и според бројот на населението.

Разгледај ја картата на Балканскиот полуостров процени и откриј:

- Која држава е најголема по површина на Балканот?
- Која е твојата процена за бројот на население во нашата држава?




**Попис** на население е утврдување на бројот на жители.

**Површината** на една држава се изразува во квадратни километри (km²) .

Луѓето кои живеат на територијата на една држава го сочинуваат **населението** на таа држава. Попис на населението вообичаено се организира на секои 10 години, со цел да се потврди бројот на населението во таа држава. Бројот на населението во РС Македонија постојано се менува, но според последниот попис во **2021** година на населението во нашата држава има **1 836 713 жители** или околу два милиони жители.Нејзината територија зафаќа **25 436 квадратни километри.** Густината на населеност е околу **72,2 жители на квадратен километар** според податоци од веб страната на Државен завод за статистика од 2021 година.

## Размисли и одговори

- Колку жители има нашата држава?
- Вообичаено на колку години се организира попис на населението ?
- Колку km² има РС Македонија?



**Истражувај** на следниов линк ако сакаш повеќе информации за површината, број на население и други податоци за нашата држава.
Државен завод за статистика - Соопштенија по области (stat.gov.mk)
03-Naselenie-Population.pdf

| Година | Површина во km² | Број на население |
|---|---|---|
| 1931 | 25 713 | 949 958 |
| 1948 | 25 713 | 1 152 986 |
| 1953 | 25 713 | 1 304 514 |
| 1961 | 25 713 | 1 406 003 |
| 1971 | 25 713 | 1 647 308 |
| 1981 | 25 713 | 1 909 136 |
| 1991 | 25 713 | 2 033 964[1)] |
| 1994 | 25 436 | 1 945 932[3)] |
| 2002 | 25 436 | 2 022 547 |
| 2021 | 25 436 | 1 836 713 |

Податоците во табелата се преземени од Статистички годишник 2022 г. на Државен завод за статистика

## Интересни податоци

Името **„Македонија“** е од старомакедонско потекло и според преданијата доаѓа од митскиот предок Македон. Денес се верува дека името значи „планинци“ или „висока земја“ или „високи луѓе“.

## Активирај го твоето предзнаење



Ќе ги набројуваш соседните држави на РС Македонија и нивните главни градови и ќе ги лоцираш на карта.

Разгледај ги картите на континентите процени и откриј:

- Кој е главен град на нашата држава?
- Во кој главен град од соседна држава си бил или го знаеш?

**Соседни држави**




**Соседни држави** се оние кои имаат заеднички граници.

**Соседни држави на нашата држава се:** Република Србија, Република Албанија, Република Грција, Република Бугарија и Република Косово.

**РС Македонија**, е држава сместена на Балканскиот Полуостров во Југоисточна Европа. Татковината стекна независност во 1991 година, а во 1993 година Македонија стана членка на Обединетите нации.

Главен град на државата е **Скопје** со население од 526 502 жители или околу пола милион жители (според пописот на население во 2021 г.). Нашата татковина ја красат многу природни убавини и многу културно - историски споменици.

Географски земјата граничи со Република Србија и Република Косово **на север,** Република Бугарија **на исток,** Република Грција **на југ и** Република Албанија **на запад.**

### Ако сакаш повеќе да знаеш...

Релјефот на државата е претежно планински. Таа е држава, која ја красат многу езера и низа планини повисоки од 2000 метри. Охридското езеро е едно од најубавите и најстарите езера во светот, а околу неговото крајбрежје има 365 цркви и манастири, како и џамии.



Главен град на Република Србија е **Белград**. Таа е нашиот северен сосед.





Република Албанија се наоѓа од западната страна на нашата татковина. Главен град на Албанија е **Тирана**.





Република Грција е нашиот јужен сосед, со главен град **Атина**. Атина е милионски град, со многу споменици од Антиката.



Северно од нашата татковина се наоѓа Република Косово. **Приштина** е главен град на Косово.





Источно од нашата татковина се наоѓа Република Бугарија Главен град на Бугарија е **Софија**.





## Активности:

1. Одреди и запиши за која соседна држава станува збор, според главните градови на соседните држави.




## 2. Работа во пар

 Истражувај на интернет за позначајни карактеристиките на секоја соседна држава и нејзиниот главен град.

- Колку население и површина има соседната држава?
- По што е препознатлив главниот град на таа соседна држава?

### 3. Работа во пар

Според податоците во табелата споредувај ја големината на РС  Македонија со големината на соседните држави според површината и според бројот на население.

| ред. број | име на држава | површина во km² | број на жители |
|---|---|---|---|
| 1 | Р Грција | 132 049 | 10 373 000 |
| 2 | Р Бугарија | 111 036 | 6 385 000 |
| 3 | Р Србија | 77 589 | 6 707 000 |
| 4 | Р Албанија | 28 703 | 2 740 000 |
| 5 | РС Македонија | 25 436 | 1 820 000 |
| 6 | Р Косово | 10 905 | 1 768 000 |

Податоците се преземени од Facts | Britannica

- Според бројот на население која е наша најголема соседна држава, а која најмала?
- Одреди ја најмалата соседна држава според површината на нејзината територија?
- Која по ред е нашата држава според број на население и површина со соседните држави?

Поставувајте слични прашања и споредувајте ги соседните држави според број на население и површина.

### Размисли и одговори:



На овие прашања одговарај пред картата на Балканскиот полуостров.

- Кои се соседни држави на РС Македонија?
- Кој е јужен сосед на нашата татковина?
- Со кои држави граничи нашата татковина на север?
- Кој е главен град на Р Србија, а кој на Р Грција?
- Кои главни градови имаат над милион жители од соседните држави?
- Истражувај на интернет и друга литература кои позначајни историски споменици се наоѓаат во главните градови на соседните држави?



- На карта запиши ги соседните држави на нашата држава и нивните главните градови.
- Запиши на која страна на светот се наоѓа соседната држава во однос на нашата татковина.



## Прилог 1



## Ќе истражуваш и ќе научиш за:

### ИСТОРИСКИ ПЕРИОДИ



- Основните временски периоди.
- Ера – временски период.
- Праисторија и историја.
- Главните откритија во праисторијата.
- Каменото и металното време.
- Создавањето на писмото.
- Познати откриени писма.
- Основните историски периоди.







### СМЕТАЊЕ НА ВРЕМЕТО НИЗ ИСТОРИЈАТА



- Сметање на времето низ историјата.
- Различни календари од минатото.
- Времето според грегоријанскиот календар.

### ИСТОРИСКИ ИЗВОРИ

- Видови историски извори.
- Примери за историски извор.
- Архив, музеј, библиотека.
- Археолошки наоѓалишта.

### ПОЗНАТИ АРХЕОЛОШКИ НАОЃАЛИШТА ВО СВЕТОТ

- Познати археолошки наоѓалишта во светот.
- Стоунхеџ, Кинескиот ѕид, пирамидите во Гиза, Мачу Пикчу, Чичен Ица, Акропол, Римскиот колосеум.
- Временско и просторно лоцирање на познати археолошки наоѓалишта.



### АРХЕОЛОШКИ НАОЃАЛИШТА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА НАШАТА ДРЖАВА

- Временско и просторно лоцирање на познати археолошки наоѓалишта во нашата држава.
- Кокино, Стоби, Хераклеја, Самуилова тврдина.
- Остатоците од поблиското и подалечното минато во околината на своето место на живеење.

**ИСТОРИЈАТА Е УЧИТЕЛКА НА ЖИВОТОТ – латинска поговорка.**

**При учење и истражување на содржините од третата тема, ќе се оспособиш:**



Самуиловата тврдина

- да разликуваш како се дели минатото на човештвото на два големи временски периоди – праисторија и историја;
- да ги разликуваш основните периоди во рамките на праисторијата и историјата;
- да објаснуваш како се сметало времето во минатото и како се смета во денешно време;



Хераклеја

- да правиш разлика меѓу основните видови историски извори и да наведуваш примери за секој од нив;
- да даваш примери за познати археолошки наоѓалишта во светот и на територијата на нашата држава и да ги лоцираш временски и просторно.



**При учење и истражување на овие содржини, ќе сфатиш дека археолошките наоѓалишта се значајни за осознавање на историјата на светот.**

Мачу Пикчу – град на Инките

Податоците и информациите во учебникот ќе ти послужат за истражувачки активности

Ќе го определуваш траењето на основните временски периоди: година, деценија, век, милениум.

## Активирај го твоето предзнаење

- Во која година си роден/-а? Дали во истата година се родени и твоите соученици?
- Ако сте родени во иста година, дали сте родени во ист век, деценија и милениум? Обиди се да одредиш во кој век сте родени.

**ВРЕМЕНСКИ ПЕРИОДИ**




Временски период е времетраењето во кое се случува некоја активност, некој настан.

Основни временски периоди се: година, деценија, век и милениум.

**ВРЕМЕНСКИ ПЕРИОДИ**

**ВЕК**
**10 ДЕЦЕНИИ = 100 ГОДИНИ**

**ДЕЦЕНИЈА**
**10 ГОДИНИ**

**ГОДИНА**

**МИЛЕНИУМ**
**10 ВЕКА = 100 ДЕЦЕНИИ = 1 000 ГОДИНИ**



Кога се случува некој значаен или историски настан, се запишува датумот. На пример, Илинденското востание се случило на 2 Август 1903 година, во првата деценија од 20 век и во вториот милениум. Така, денот кога се случил некој настан се означува со ден, месец и година, но може да се одреди и **деценија, век и милениум.** Значи, настанот се случил во одреден **временски период.**




**Размисли и одговори**

1. Во кој милениум беше прво одделение? Дали и сега е истиот милениум?
2. Колку децении има во еден век? Колку века има во еден милениум?
3. Одреди го векот и милениумот според годината кога се родил Гоце Делчев.
4. Запиши го датумот на ослободувањето на Скопје, и тоа: денот, месецот, годината, деценијата, векот и милениумот.
5. Одреди ги векот и милениумот и на други историски настани, кои сега се државни празници во нашата татковина. (**1 мај 1886 г.,** Ден на трудот**; 24 мај 1860 г.**[1], Св. Кирил и Методиј, Ден на сесловенските просветители; **2 август 1903**, Ден на Републиката; **8 септември 1991,** Ден на независноста**; 11.10.1941 г.,** Ден на народното востание; **23 октомври 1893,** Ден на македонската револуционерна борба**; 8 декември 883 г.**[2]**,** Св. Климент Охридски.)






**Работа во мали групи**

Во групата изработете табела и одредете милениум, век и деценија според овие години: 1014, 1903, 1945, 1642, 863, 1 г. Потоа истражувајте на интернет кои историски настани се случиле во овие години.

| Година | Век | Милениум | Настан |
|---|---|---|---|
| 1014 | 11 век | втор милениум | Битката на Беласица помеѓу Самуиловите војници и Византијците. |
| | | | |
| | | | |

[1] **Во XI век,** Црквата го прогласила 24 мај за Ден на **светите просветители Кирил и Методиј**. **Датумот е избран бидејќи го означува датумот кога започнала Моравската мисија.**

[2] **Свети Климент Охридски**, родоначалник на словенската литература и црковно беседништво, прв оригинален словенски и македонски поет, говорник, преведувач, заштитник на **Охрид**, е назначен за прв словенски епископ на Балканот.

# ИСТОРИСКИ ПЕРИОДИ

## Активирај го твоето предзнаење

**Ера – временски период**

- Кој најдолг временски период го знаеш?
- Александар Македонски се родил во 356 година, а умрел во 323 година**.** Како е можно тоа?

**Ера** е долг временски период, кој се карактеризира со важни настани и кој се користи во историјата за да се претставаат настаните на временска лента.



**Исус Христос,**
**основач на христијанството**

1001 - 1100г.
901 - 1000г.
801 - 900г.
701 - 800г.
601 - 700г.
501 - 600г.
401 - 500 г.
301 - 400 г.
201 - 300 г.
101 - 200 г.
1 - 100 г.
100 - 1 г. п.н.е
200 - 101 г. п.н.е
300 - 201 г. п.н.е
400 - 301 г. п.н.е
500 - 401 г. п.н.е
600 - 501 - г. п.н.е
700 - 601 г. п.н.е
800 - 701 г. п.н.е
900 - 801 г. п.н.е
1000 - 901 г. п.н.е
1100 - 1001 г. п.н.е
1200 - 1101 г. п.н.е

**Временска лента**

Денес, времето се смета според раѓањето на основачот на христијанството, Исус Христос. Ваквото сметање на времето го имаат прифатено речиси сите земји во светот.

**Пред** Исусовото раѓање е **време од пред нашата ера (пр. н. е.)** и **по** неговото раѓање е **време од нашата ера (н. е.).** Значи, сметањето на времето од историски аспект е поделено во две ери. Така, настаните се поделени на настани пред нашата ера и настани во нашата/новата ера.

Годините пред новата ера се сметаат **наназад**, на пример: 456 година пр. н. е., па следна година е 455 пр. н. е., па 454 пр. н. е. итн. Тоа е така затоа што не се знае од која година започнало човештвото, туку само се претпоставува.

Во нашата ера, годините се бројат **нанапред**. Сега е 2023 година, догодина ќе биде 2024, па 2025 итн. Не постои година обележана како **година нула**, па така првата година од н. е. е веднаш по првата година од пр. н. е. Ова сметање на времето е создадено околу 525 година, но било широко прифатено во 14 век.




Временски ленти

## Активности

1. Според временската лента, одреди во кој век живееле и работеле следниве познати личности.

2. Откриј кои од овие познати личности живееле во ист милениум и во кој милениум. (Користи ја временската лента од стр. 92.)



**Мајка Тереза (1910 – 1997)**



**Леонардо да Винчи (1452 – 1519)**



**Александар Македонски (356 пр. н. е. – 323 пр. н. е.)**



**Гоце Делчев (1872 – 1903)**



**Моцарт (1756 – 1791)**




**Колумбо (1451 – 1506)**




**Скендербег (1405 – 1468)**



**Питагора (570 пр. н. е. – 500 или 490 г. пр. н. е. )**



3. Истражувај за годините кога се случиле познати настани од различни периоди на историјата. Потоа одреди дали се случиле пред нашата ера или во нашата ера.

| Историски настан | Година | Пред нашата ера | Од нашата ера |
|---|---|---|---|
| Изградбата на Виа Игнација | | | |
| Преселбата на Словените | | | |
| Самоиловото Царство | | | |
| Крушевска република | | | |
| Создавањето на албанската азбука | | | |
| Уништувањето на Помпеја | | | |



**Жртви од вулкан во Помпеја**

# ИСТОРИСКИ ПЕРИОДИ



Ќе правиш разлика меѓу праисторија и историја.

## Праисторија и историја

### Активирај го твоето предзнаење

- Како се вика времето во кое живеел прачовекот?
- Во која ера е откриен компјутерот?

**Праисторијата** е најдолг период од животот на човекот.

**Историјата е учителка на животот** – стара латинска поговорка.

Зборот **ИСТОРИЈА** потекнува од грчкиот збор „хисториа“, што значи испитување. Историјата го проучува и го прикажува развитокот на човештвото од минатото до денес. Нејзиното познавање ќе помогне да се сфати времето во кое се живее и иднината и ќе придонесе повеќе да се ценат слободата и мирот во светот.

Временскиот период од појавата на човекот до појавата на првото писмо се вика **ПРАИСТОРИЈА**. Периодот од појавата на првото писмо до денес се вика **ИСТОРИЈА**. Праисторијата траела неколку милиони години, а историјата неколку илјада години и трае до денес.



Појавата на човекот



Првото писмо – клинесто писмо



Сегашност

ПРАИСТОРИЈА | ИСТОРИЈА

Најголем напредок во праисторијата било откривањето на огнот. Најпрво, прачовекот го користел огнот кој се создавал како последица на природните појави. Подоцна, со триење на два тврди камења или две суви гранки, почнал сам да создава оган.

Со создавањето на првото писмо, се означува преминот од праисторија во историја. Првите писма биле создадени на неколку различни места во светот, независни едни од други. Од тогаш човекот почнал да остава пишани документи кои се докази за човечката култура и за начинот на живеење низ вековите наназад.

### Ако сакаш повеќе да знаеш...

Првото писмо е создадено од Сумерите во Месопотамија (територија каде што денес се наоѓа Ирак), околу 3100 г. пр. н. е.

**ПРАИСТОРИЈА**
**Камено време**
**Метално време**




**ИСТОРИЈА**
**Стар век**
**Среден век**
**Нов век**
**Најново време**

**Праисторијата** се дели на **камено** време или период на дивјаштво и **метално** време или период на варварство, според орудијата што ги користел човекот. Праисторијата е дел од минатото на човештвото и се сфаќа како примитивен и прадедовски период.

**Историјата** се дели на **стар** век, **среден** век, **нов** век и **најново** време, според општествените промени.

Познавањето на праисторијата и на историјата е многу важно за да видиме каков бил животот пред илјадници, милиони години, какви биле грижите, откритијата и опасностите со кои се соочувале оние кои живееле во свет поинаков од нашиот, бидејќи без нив не би биле тоа што сме.

**Размисли и одговори**

1. Зошто историјата е учителка на животот?
2. Зошто е важно да се познава историјата?
3. Која е разликата меѓу праисторијата и историјата?
4. На кои историски периоди се дели минатото на човештвото?
5. Колку историски периоди има во периодот на историјата?
6. Како се нарекува уште периодот на камено време? Што мислиш, зошто токму така се нарекува?








**1. Историјата...**

а) го проучува и го прикажува развитокот на човештвото од минатото до денес.
а) го проучува и го прикажува развитокот на човештвото денес.
а) го проучува и го прикажува развитокот на човештвото во текот на еден век.

**2. Временскиот период од појавата на човекот до појавата на првото писмо се вика ..............................**

**3. Периодот од појавата на првото писмо до денес се вика ....................**.

**4. Кои периоди се дел од праисторијата:**

а) камено време б) стар век в) среден век г) метално време д) нов век

**5. Историјата се дели на:** ........... век, ............ век, ............ век и ............. време.

**6. Разгледај ги фотографиите и одреди дали е прикажано дел од праисторијата или историјата. Запиши П – праисторија или И – историја.**





















Ќе ги наведува одликите на каменото и металното време и редоследот на нивното јавување.

## Камено и метално време

### Активирај го твоето предзнаење

- На кој континент се појавил прачовекот?
- Какви биле живеалиштата на најстарите предци на луѓето?



### Праисторија

Борбата за опстанок ги принудила човековите предци постепено да започнат да користат орудија за лов и риболов. Со тоа започнало човековото совладување на природата. Луѓето постојано ги усовршувале камените орудија. Така ги пронашле: огнот, говорот, лакот, стрелата, чамецот, писмото... Постојано ја унапредувале обработката на земјата, припитомувале разни животни, граделе живеалишта, се занимавале со занаетчиство, трговија и изработувале уметнички предмети. Луѓето живееле во заедници. Прво живееле во орди, а потоа во родови, братства и племиња по крвно сродство. Верувале во разни натприродни сили и богови.

**Камено време** или време на дивјаштво.

Луѓето во ова време користеле груби камени орудија. Собирале храна и живееле здружени во заедници наречени орди. Орди биле групи од триесетина луѓе, меѓу кои не постоела роднинска и брачна врска. Тие имале потреба од договарање и така од разните мимики, движења и крикови постепено се развил и говорот. Тие скитале барајќи храна и немале постојано место на живеење. Наидувале на испечени животни и увиделе дека печеното месо е повкусно. Од тогаш почнале да го користат огнот. Сè уште не знаеле како да запалат оган, затоа денонoќно го чувале да не изгасне.



**Примитивни орудија**

Подоцна научиле да го добијат со удирање камен од камен или со триење суви дрвја. Луѓето започнале да изработуваат орудија од коски и рогови, дрвени садови,

копја, лак и стрела за ловење дивеч. Правеле и примитивни чунови од нагорено дрво. Мажите оделе на лов, а жените се занимавале со примитивно земјоделство. Постепено, како што минувале годините, започнале да припитомуваат диви животни, што овозможило да се развие сточарството. Тогаш почнале да имаат и постојано место на живеење.

Граделе земјанки, колиби, наколни живеалишта над вода. Првите пољоделци и сточари почнале да се здружуваат во родовски заедници. Грижата за родот била задача на мајките. За родовски старешини биле избирани најугледните жени на родот, кој имал околу 100 члена. Овој период се нарекува матријархат.



Грижа за родот



**Родовски заедници**



**Изработка на орудија**



**Палење Оган.**



**Наколно живеалиште**



**Лов на диви животни**



**Земјанки**

## Откривање на тркалото за изработка на глинени садови



Тркало за изработка на глинени производи

Во каменото време луѓето ја пронашле и глината. Тие виделе дека таа се разликува од другите видови почва. Почнале да прават садови од глина. Подоцна е пронајдено тркалото за изработка на глинени производи.



**Метално време** или време на варварство.

Во четвртиот милениум пр. н. е., со откривањето на бакарот, започнува металното време. По бакарот бил откриен калајот, а подоцна и железото. Откривањето на металите условило да се појави занаетчиството. Најзначајни откритија од ова време се: железниот плуг, железната секира, мечот и тркалото. Тркалото кое се користело поврзано со оска почнало да се применува во многу занаети, но најмногу за транспорт на стока. Ова се смета за едно од најзначајните откритија во развојот на човештвото.



**Изработка на орудија од метал**

Во тоа време на чело на родовската заедница стоел маж и тој период се нарекува патријархат. Занаетчиите, земјоделците и сточарите почнале да имаат вишок сопствени производи, па така почнале да си ги разменуваат производите. Тоа биле почетоците на трговијата. Со подобрување на производството, родовската заедница се распаѓала и се поделила на семејства. Така, родовското општество се распаднало со појавата на првите држави.



Откривање на тркалото



**Истражувај на интернет за придобивките од откривање на тркалото.**



Размена на производи



Секира и копја со метал



Полјоделство

## Размисли и одговори

1. По кој редослед луѓето ги откриле металите?
2. Од какво значење е откривањето на металите?
3. Како се појавила трговијата и како се пренесувале стоките?
4. Зошто дошло до распаѓање на родовското општество?
5. Објасни што е матријархат.
6. Какви биле првите населби?
7. Како се викаат заедниците во кои луѓето се здружувале во каменото време?



## Активности

1. Активност „Торбата од минатото“. Од затворена торба извлечи илустрации на предмети од праисторијата и сцени од животот во праисторијата во кои се прикажани главните откритија и постави ги на претходно изработена временска лента со обележано камено и метално време.

2. Размисли дали предметот или настанот во табелата припаѓа на камено време или на метално време и запиши √ или X.

| Предмети и настани од праисторијата | Камено време | Метално време |
|---|---|---|
|  Зачеток на полјоделството | X | √ |
|  Изработка на глинени производи | | |
|  Земјанки | | |
|  Размена на производи | | |
|  Пронаоѓање на огнот | | |
|  Откривање на тркалото | | |
|  За родовски старешини биле избирани најугледните жени на родот, кој имал околу 100 члена. Овој период се нарекува матријархат. | | |
|  Примитивни орудија од камен | | |

Ќе ја објаснуваш улогата на создавањето на првото писмо и ќе ги наведуваш првите познати откриени писма.

## Активирај го твоето предзнаење

- Со какво писмо пишуваат Кинезите денес?
- Од што е составено писмото со кое пишуваш?

# Појава на првите писма

Првото писмо се појавило во Месопотамија, а подоцна во Египет.

Првите писма биле пишувани на глинени плочи, папирус и камен.



**Првите цртежи на карпи**

Пред појавата на првите писма, прачовекот оставил траги секаде каде што престојувал: по пештери, по ѕидови на карпи или подоцна на глинени плочи. Првите држави се појавиле на териториите на денешен Египет, Ирак, Кина и Индија**.** Тука се пронајдени првите писма и броеви, преку кои првин со слики, а потоа со знаци луѓето од ова време си ги пренесувале мислите и пораките.



**Сумерско писмо**

**Првото** писмо го создале Сумерите, кои живееле во Месопотамија (денешен Ирак) во 3100 година пр. н. е. Ова писмо било со мали цртежи, со кои се означувале зборови и поими. Затоа се нарекува **сликовито писмо.** Во ова писмо наместо да напишат со букви риба, тие цртале риба, птица во лет итн. Тие пишувале со заострени стапчиња на глинени плочки, а потоа ги печеле за да се стврднат. Со текот на времето, сликите се заменувале со поедноставни знаци, кои личеле на клинови, па така ова писмо уште било наречено **клинесто писмо.** Ова писмо било тешко за користење бидејќи содржело околу 700 слики (знаци).



**Египетско хиероглифско писмо**

Знаците што ги пишувале Египќаните се наречени хиероглифи, па така нивното писмо се вика **хиероглифско писмо.** Хиероглифите биле мешавина од знаци и слики. Египќаните пишувале на папирус што го добивале од барското растение папирус или на камен.




**Феникиска азбука**

**Феникијското писмо** се појавува околу 1000 г. пр. н. е. и било составено од околу 20 знаци што означуваат гласови. Ова писмо било прифатено и усовршено од Старите Грци, а подоцна и од Римјаните.

- Обиди се да го напишеш своето име или друг збор со феникиската азбука.



**Истражувај** за писмото на Маите, старото кинеско или индиско писмо.

## Ако сакаш повеќе да знаеш...



Ова е индиско сликовно писмо.
Значењето е: „Поглаварот на племето Бизони го повикува поглаварот на племето Елени заедно да го нападнат племето Волци. Почетокот на нападот ќе биде по два дена.“



**Цртање на папирус во Стар Египет**



**Хиероглифско писмо**

## Размисли и одговори

1. Во кои држави се пронајдени првите писма?
2. Кој народ прв го составил првото писмо?
3. Пред колку години се појавило првото писмо?
4. Зошто првото писмо се нарекува сликовито писмо?
5. Какво било писмото што го креирале Старите Египќани?
6. На што пишувале Старите Египќани?
7. Какво писмо е феникиското писмо?



**Феникиско писмо**

## Работа во мали групи



**Изработете плакат за едно старо писмо.**

1. Најдете од интернет или од друга литература фотографии од едно старо писмо.
2. Запишете нешто повеќе за тоа писмо (кога настанало, кој го создал, какви биле знаците, на што пишувале и нешто карактеристично за тоа писмо).
3. Препишете неколку од знаците на големи бели листови и нивното значење.




**Сумерско сликовито писмо**







**Египетско хиероглифско писмо**

# Историски периоди

**Активирај го твоето предзнаење**

Ќе ги наведуваш основните историски периоди и ќе ги лоцираш на временска лента.

- Со кое откритие започнал периодот на историјата?
- Што мислиш, дали периодот на историјата сѐ уште трае?

Стар век или античка историја.

Среден век или средновековие.

Нов век или модерна историја.

Најново време или современа историја.

Историјата започнала со откривање на првото писмо, кое било сликовито писмо.

Основни **историски периоди** се: стар век или античка историја, среден век или средновековие, нов век или модерна историја и најново време или современа историја. Периодот на најновото време сѐ уште трае.

**Стариот век или античката историја** е првиот период од историјата. Започнал кога и периодот на историјата на човештвото, а завршил во V век од н. е. со распадот на Западното Римско Царство. Во овој век многу народи ги создале првите робовладателски држави на територијата на Месопотамија, Египет, Кина и Индија.



Херодот,
татко на историјата



Во III век пред нашата ера бил изграден Кинескиот ѕид за одбрана од непријателите. Низ вековите тој постојано се доградувал.




Сумерите живееле во Месопотамија



Ковани пари во антиката

Пирамидите во Египет





Буда, скитник и религиозен учител, кој живеел во Јужна Азија во текот на 6 или 5 век пр. н. е.



Во Европа, значајна улога имале првите држави: Античка Македонија, градовите држави Атина и Спарта, илирските кралства, Римското Царство и други. Луѓето во овие држави ги направиле првите величествени градби, како: колосеуми, антички театри и други градби. Започнале зачетоците на многу науки, како: филозофијата, математиката, астрономијата, книжевноста и уметноста. Ова бил период на робовладателски кралства, царства и империи, како: Македонската Империја на чело со Александар III Македонски, Римската Империја и други. Луѓето од стариот век имале разни религии и верувале во повеќе богови.



Аристотел, филозоф, математичар, учител на Александар Македонски






Александар III Македонски, војсководец и цар на Македонската Империја



Антички воини, македонска фаланга



Римјаните биле многубошци. Божица на среќата, Фортуна.



Старите Грци биле многубошци. Грчки богови: Зевс, бог небото; Посејдон, бог на морињата и океаните и Адот, бог на подземјето.

Илирската кралица Теута





## Активности

- Истражувај на интернет и во енциклопедии како се облекувале луѓето во стариот век или антиката.



## Среден век или средновековие

**Средниот век или средновековие** бил долг период на историјата. Тој траел околу 1 000 години, односно од V век од н. е. до периодот на ренесансата. Има различни толкувања кога завршил, на почетокот на 13, 14 или 15 век (извор: Енциклопедија Британика). Го опфаќа времето од падот на Римската Империја до подемот на Османлиската Империја. Ова било време на замоци и селани, еснафи и манастири, катедрали и крстоносни војни. Големите водачи, како Јована Орлеанка и Карло Велики биле дел од средниот век, но и ширењето на црната чума и подемот на исламот. Средновековието е мрачен век. Затоа луѓето ги користат термините средновековни времиња, среден век и мрачен век. Темниот/мрачниот век обично се однесува на првата половина на средниот век, од 500 до 1000 година. Времето по 1000 година е време на **ренесансата,** што значи **преродба**. Тоа било преродба на образованието, науката, уметноста, литературата, музиката и подобар живот за луѓето воопшто.

### Потсети се

- Наброј ги големите географски откритија.
- Кои земји и континенти се откриени во тоа време?
- Кој е првиот Европеец кој пловел од Европа до Индија околу Африка?
- По што е познат Фердинандо Магелан? Тој открил и премин од Атлантскиот до Тихиот Океан, кој денес се нарекува Магеланов мореуз.
- Марко Поло бил трговец и морепловец, кој во поголемиот дел од својот живот патувал низ Далечниот Исток и Кина. Кое е неговото достигнување?
- Во кој век била откриена Америка и од кого?

**Кристифор Колумбо (1451 – 1506). Америка е откриена во октомври, 1492 година.**





**Марко Поло (1254 – 1324) Патот на свилата.**



**Васко де Гама (1460 или 1469 – 1524) Го открил патот до Индија.**

### Ако сакаш повеќе да знаеш...

**Позначајни настани од средниот век се**:

476 г. – Падот на Римската Империја. Ова е почеток на средниот век.
570 г. – Роден е Мухамед, пророкот на исламот.
732 г. – Франките ги поразуваат муслиманите, отстранувајќи го исламот од Европа.
1096 г. – Почеток на Првата крстоносна војна. Крстоносните војни биле војни меѓу Светото Римско Царство и муслиманите за светата земја. Во наредните 200 години имало неколку крстоносни војни.
1206 г. – Џингис Кан ја основал Монголската Империја.
1271 г. – Марко Поло заминал на своето познато патување да ја истражува Азија.
1347 г. – Црната смрт започнала во Европа. Оваа ужасна болест убила околу половина од луѓето во Европа.
1444 г. – Германскиот пронаоѓач Јоханес Гутенберг ја измислил машината за печатење.
1453 г. – Османлиската Империја го освоила градот Константинопол (денешен Истанбул). Со овој настан се означува крајот на Источното Римско Царство, познато како Византија (извор: Британика).

## Нов век или модерна историја

Новиот век или модерната историја е историски период на колонизација (насилно претворање на туѓа земја во потчинета земја) на многу земји, нови држави, многу револуции, борба за човекови права и права на жените. Ова е век на голем број пронајдоци кои придонеле за поубав живот. Откривањето на парната машина, електричната енергија, телефонот, автомобилот и многу други пронајдоци, ќе предизвика огромен и брз напредок. За тоа кога започнал новиот век има разни мислења и е предмет на дебата меѓу историчарите, а траел до Првата светска војна (1914 – 1918). Едни од позначајните пронајдоци се: парната машина усовршена од Шкотланѓанецот Џејмс Ват во втората половина на 18 век, електричната енергија, првиот автомобил на бензин, вакцината против беснило, првиот прост телескоп и многу други кои придонеле за брз развој на општеството (извор: Енциклопедија Британика). Продолжиле и истражувањата и откритијата на нови земји и територии на планетата Земја.



**Џејмс Кук**
(1728 – 1779)
Истражување на Јужниот Пацифик.



**Никола Тесла**
(1856 – 1943)
Систем на наизменична струја.



**Томас Едисон**
(1847 – 1931)
Изумител на фонографот (грамофонот), микрофонот, акумулаторот, електричната светилка, го усовршил телефонот и други пронајдоци.



**Карл Бенз**
Во 1886 година го создал првиот автомобил на бензин.



**Џорџ Стивенсон** во 1829 година ја изградил локомотивата Ракета, која победила на натпревар за брзина со 58 км/ч и станала модел за подоцнежните локомотиви.



**Луј Пастер**
(1822 – 1895)
Изумител на вакцината против беснило.



### Активности



Истражувај кој го открил телефонот, првото летало, координативниот систем во математиката, парната машина, машината за шиење, падобранот и друго. Работете во пар и изработете мултимедијална презентација. Истражувајте со другарчето за еден од овие пронајдоци на новиот век.





## Најново време или современа историја

Најновото време или современата историја започнува од крајот на Првата светска војна (1918 година) и сè уште трае. Изумот на телевизијата е околу 1920 година, а во првата половина на 20 век е создаден првиот компјутер ENIAC. Втората Светска војна (1939 – 1945) донела многу жртви и страдања на народите. Ова е време на создавање нуклеарно оружје. Во периодот по Втората светска војна започнуваат истражувања во вселената, како и откритија и пронајдоци во областа на техниката, технологијата, културата и уметноста. Постојан развој на ракети, вселенски станици и бродови. Советскиот Сојуз (денешна Русија) го лансирала првиот вештачки сателит на Земјата. Комуникацијата на луѓето станала многу полесна и побрза со создавањето на интернетот. Во 1961 година, Јуриј Гагарин станал првиот човек кој ја посетил вселената, а во 1969 година Американецот Нил Армстронг слетал на Месечината.





**Нил Амстронг, американски космонаут.**
**Првиот човек кој слетал на Месечината.**





**Јуриј Гагарин, руски космонаут.**
**Првиот човек кој ја посетил вселената.**



**Фило Фарнсворт**
**(1906 – 1971)**
**Американски пронаоѓач кој го развил првиот целосно електронски телевизиски систем.**

### Активности:



**Работа во мали групи**



Други важни пронајдоци во периодот на најновото време се: хеликоптерот, млазниот мотор, интернетот, ракетата, вселенската станица. Поделени во групи, истражувајте на интернет или во друга литература за еден од овие пронајдоци. Секоја група нека изработи постер.

## Размисли и одговори

1. Со кој настан започнала историјата?
2. На кои историски периоди е поделена историјата?
3. Во кој историски период започнале зачетоците на науките?
4. Колку века траел стариот век?
5. Наведи неколку разлики меѓу стариот и средниот век.
6. Во кој историски период луѓето ја посетиле Месечината?

## Активности

1. Запиши го историскиот период според сликите.



2. Наведи што е карактеристично за:

| стариот век | средниот век | новиот век | најновото време |
|---|---|---|---|
|  |  |  |  |
| | | | |
| | | | |



### Ако сакаш повеќе да знаеш...



**Галилео Галилеј** (1564 – 1642)

Галилео Галилеј е роден во Пиза, Италија, во 1564 година. Тој го измислил првиот астрономски телескоп, кој го користел за проучување на површината на Месечината. Ги открил и четирите најголеми месечини на Јупитер. Галилео бил успешен астроном, физичар, математичар, филозоф и пронаоѓач. Негови пронајдоци се: телескопот, компасот и термометарот.
Негови познати мисли се:

**- Математиката е јазикот со кој е напишан универзумот.**
**- Љубопитноста е клучот за решавање на проблемите.**




**1. Заокружи кои од овие познати личности живееле во новиот век или модерната историја:**



Клеопатра
(69 пр. н. е. – 30 пр. н. е.)

а) Клеопатра б) Луј Пастер в) Гоце Делчев

г) Скендербег д) Аристотел ѓ) Никола Тесла

е) Јуриј Гагарин ж) Александар Македонски

**2. Заокружи кои од овие настани се случиле во средниот век:**

а) Изградбата на Виа Игнација б) Самоиловото Царство в) Преселбата на Словените

г) Крстоносните војни д) Создавањето на албанската азбука ѓ) Уништувањето на Помпеја

**3. Заокружи кои од овие стари цивилизации, царства или градови држави постоеле пред нашата ера:**

а) Месопотамија б) САД в) Стар Египет г) Италија д) Македонската Империја

ѓ) Римската Империја е) Турција ж) илирските кралства з) Ирак ѕ) Спарта

**4. Размисли и запиши за кој историски период станува збор.**

**А**
Почетокот на телевизијата, Втората светска војна, истражувањата во вселената, првиот вештачки сателит на Земјата, создавањето на интернетот...

**Б**
Византија, битката на Беласица во 1014 година, доминација на религијата, Османлиската Империја го освоила градот Константинопол (денешен Истанбул). Со овој настан се означува крајот на Источното Римско Царство, познато како Византиіа...

**В**
Откривање на електричната енергија, телефонот, автомобилот, вакцините, првото летало, парната машина, почетоците на пронаоѓање на железницата...

**Г**
Месопотамија, Стар Египет, падот на Римската Империја, појава на првите држави, Македонската Империја, илирски кралства,...

## СМЕТАЊЕ НА ВРЕМЕТО

Ќе ги објаснуваш основните карактеристики на сметањето на времето низ историјата и ќе даваш примери.



Сметање на времето низ историјата

### Активирај го твоето предзнаење

- За што го користиш календарот во секојдневниот живот?
- Кога го планираш твоето слободно време, дали и како ти помага календарот?

**Календар** е средство за пресметување на времето.

Зборот календар доаѓа од латинскиот збор **kalendae**, што било име за првиот ден од секој месец.




### Што е календар и за што се користи?



Календарот претставува систем за прикажување на времето за различни намени: за определување работни денови, денови за викенд и празници, за планирање на работата и слободното време, за планирање спорт и рекреација и итн. Тој е така направен што им се даваат имиња на одредени временски периоди, како: денови, недели, месеци и години. Месеците и годините се во склад со движењето на Сонцето и на Месечината.



### Но, како се пресметувало времето во минатото?

Времето во минатото луѓето го сметале според движењето на Сонцето, Месечината, ѕвездите, планетите итн. Луѓето користеле разни направи и средства за мерење на времето, на пример: песочни часовници, обележани свеќи, воден часовник, часовник со тегови, часовник со нишало, кварцен часовник. Денес се користат аналоген часовник и дигитален часовник. За мерење подолги временски периоди, времето било сметано со помош на календари. Повеќето цивилизации својот календар го направиле со приспособување на друг календар, преземен од друг народ.



Соларен квадрант



Часовник од восок



Воден часовни



Песочен часовник



Часовник со тегови



Часовник со нишало



Хронометар



Кварцен часовник



Соларен часовник

**Какви видови календари имало во минатото?**



Најстарите календари потекнуваат од асировавилонската држава и староегипетската држава, од кои преку римскиот календар потекнува и денешниот календар. Денешниот календар води потекло од староегипетскиот календар, кој се појавил пред околу 6 000 години. Древните цивилизации на Вавилон, Египет, Индија и Кина имале високо развиен систем за запишување на времето, а нивните календари се засновале врз движењето на Месечината или на Сонцето. Така, календарите се делат на месечеви календари, направени според движењето на Месечината и сончеви календари, направени според движењето на Сонцето. Но, има и месечево-сончеви календари.

### Размисли и одговори

1. Како го сметале луѓето времето низ минатото?
2. Како е направен календарот?
3. Какви видови календари има според движењето на Месечината или Сонцето?
4. Од каде потекнуваат најстарите календари?




## Активности



Работа во мали групи

Секоја група добива печатен календар и треба да утврди како се организирани деновите, неделите и месеците во рамки на годината за која важи календарот.

Во групата дискутираат за што се користи календарот во секојдневниот живот и запишуваат заклучоци според следниве насоки:

- Што претставува календарот?
- Кои денови се работни?
- Кои денови се празници и викенди?
- За што се користи календарот?



**Истражувај** од енциклопедии и од интернет:

- Како се пресметувало и прикажувало времето во минатото?



Стар египетски календар на папирус

Ќе го опишуваш начинот на пресметување на времето според различни календари кои се користеле во минатото.

**Календари од минатото**

**Активирај го твоето предзнаење**

- Кој календар се користи денес во нашата држава?
- Кои држави го користат истиот календар?

Египетски календар.
Асирски календар.
Исламски календар.

Еврејски календар.
Јулијански календар.
Грегоријански календар.

**Кога настанале и каде се користеле календарите од минатото?**

## Египетски календар



Во далечното минато, египетските свештеници забележале дека помеѓу две покачувања на водостојот на реката поминуваат дванаесет полни Месечини и дека за време на поплавата една светла ѕвезда (Сириус) се појавува на небото пред самиот изгрев на Сонцето. Таа појава ја регистрирале неколку години по ред и пресметале дека помеѓу две појавувања на ѕвездата поминуваат 365 дена. Така, свештениците ја поделиле годината на 12 месеци по 30 дена и 5 дополнителни дена, кои останале на крајот на годината. Ова се случило пред околу 6 000 години и го претставува првиот составен календар за кој досега има сознанија.

## Асирски календар




| Годишно време | Месец | Транслитерација | Значење | Надлежен бог | Бр. на денови | Грегоријански месец |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Пролет | [illegible] | Нисан-Нисон | месец на среќата | Енлил | 31 | март/април |
| | [illegible] | Јар-Ијар | месец на љубовта | Хаја | 31 | април/мај |
| | [illegible] | Хзеран-Хзирин | месец на изградба | Син | 31 | мај/јуни |
| Лето | [illegible] | Тамуз | месец на жетвата | Тамуз | 31 | јуни/јули |
| | [illegible] | Тдабах (Аб)-Тибах (Об) | месец на узревање на плодовите | Шамаш | 31 | јули/август |
| | [illegible] | Елол-Илул | месец на посејување | Иштар | 30 | август/септември |
| Есен | [illegible] | Тишрин I | месец на дарување | Ану | 30 | септември/октомври |
| | [illegible] | Тишрин II | месец на будење на закопаните семки | Мардук | 30 | октомври/ноември |
| | [illegible] | Канон I (Кислеу) | месец на зачнување | Нергал | 30 | ноември/декември |
| Зима | [illegible] | Канон II (Тебет) | месец на починка | Нашо | 30 | декември/јануари |
| | [illegible] | Шват/Себат (Ишвит) | месец на поплави | Раман | 30 | јануари/февруари |
| | [illegible] | Адар - Одар | месец на зли духови | Рохати | 29 | февруари/март |

Асирскиот календар е еден од најстарите календари во историјата. Тој е месечев календар, со кој се мерело времето со помош на мените на Месечината. Бил поделен на 12 месеци од по 29, 30 или 31 ден. Овој календар бил користен во асировавилонската држава, која се наоѓала во Месопотамија.

**Размисли и одговори**

1. Пресметај колку дена имала годината според асирскиот и египетскиот календар.
2. Спореди го асирскиот календар со календарот кој се користи во нашата држава, според бројот на деновите во годината и временските периоди кои ја определуваат.

## Исламски календар

**Исламскиот** или **муслимански календар** е месечев календар. Се користи од муслиманите за одредување на верските празници. Календарот е составен од дванаесет месеци, а годината трае околу 354 дена. Исламските празници, иако се прославуваат на фиксни датуми според нивниот календар, обично се поместуваат за 11 дена порано секоја следна сончева година, според денешниот календар. Првата година од календарот се вика Хиџра (622 г. од н. е.), годината кога пророкот Мухамед се преселил од Мека во Медина. Календарот ги брои годините од тој настан.

Месеци:

1. Мухарем – Muharram.
2. Сафер – Safar.
3. Реби ел-евел – Rabi' al-awwal.
4. Реби ел-ахир – Rabi' al-than.
5. Џумаде ел-евел – Jumada al-awwal.
6. Џумаде ел-ухра – Jumada al-thani.
7. Реџеб – Rajab.
8. Шабан – Sha'aban.
9. Рамазан – Ramadan.
10. Шевал – Shawwal.
11. Зул каде – Dhu al-Qi'dah.
12. Зул хиџе – Dhu al-Hijjah.




Од сите месеци, Рамазан или Рамадан е најславениот. Муслиманите треба да постат во текот на деновите во овој месец. (Петок е најважниот ден во неделата за муслиманите и често се нарекува „свет ден“ или „ден на собирање“, ден кога се оди во џамија.)

**Размисли и одговори**

1. По што се разликува исламскиот календар од оној што се користи во нашата држава?
2. Кој месец е најзначаен за муслиманите и зошто?

## Еврејски календар

Еврејскиот календар е месечево-сончев календар, што значи дека месеците се засновани на Месечината, но годините се според Сонцето. Календарската година се состои од 12 месечеви месеци од по 29 или 30 дена. Почетокот на секој еврејски месечев месец се заснова на појавата на млада месечина. Во престапните години се додава дополнителен месец. Воведувањето на престапниот месец е заснован на практиката дека Пасха е празникот со кој се одбележува протерувањето на Евреите од Египет, настан кој се случил во пролет и секогаш треба да биде во пролет на северната полутопка.

Еврејскиот календар има 7 дена во неделата. Првиот ден е недела, а сабота е ден за одмор. Овој календар денес се користи во Израел и од јудејските верници за одредување на верските празници.

| број | месеци | денови |
|---|---|---|
| 1 | нисан | 30 |
| 2 | ијар | 29 |
| 3 | сиван | 30 |
| 4 | тамуз | 29 |
| 5 | ав | 30 |
| 6 | елул | 29 |
| 7 | тишри | 30 |
| 8 | хешван | 29 |
| 9 | кислев | 30/29 |
| 10 | тевет | 29 |
| 11 | шват | 30 |
| 12 | адар | 29/(30) |

**Размисли и одговори**

1. Колку денови има годината според еврејскиот календар?
2. Кои народи го користат и зошто ?

## Јулијански календар

Јулијанскиот календар е сончев календар. Тој е календар кој го користат дел од православните верници.

За разлика од грегоријанскиот, овој календар е поназад за 13 дена во периодот 1900 – 2100 година, а по 2100 година разликата ќе биде 14 дена. При заземањето на Египет од страна на Рим, Римјаните се запознале со новиот начин на пресметување на времето и Јулиј Цезар решил да го воведе и во Рим, но со поголема точност за да се поврзе Сонцето со европската пролет, лето итн.

По наредба на Јулиј Цезар, математичарот од Александрија, Созиген, направил римски календар наречен јулијански. Така, овој календар бил воведен во Римското Царство.

Според јулијанскиот календар, годината започнува од 1 јануари и трае точно 365 дена и 6 часа. Секоја четврта година се смета за престапна и се состои од 366 дена.

**ЈУЛИЈАНСКИ КАЛЕНДАР ЗА 2020, 2024, 2028, 2032 ГОДИНА**

| DAY | JAN | FEB | MAR | APR | MAY | JUN | JUL | AUG | SEP | OCT | NOV | DEC | DAY |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 1 | 32 | 61 | 92 | 122 | 153 | 183 | 214 | 245 | 275 | 306 | 336 | 1 |
| 2 | 2 | 33 | 62 | 93 | 123 | 154 | 184 | 215 | 246 | 276 | 307 | 337 | 2 |
| 3 | 3 | 34 | 63 | 94 | 124 | 155 | 185 | 216 | 247 | 277 | 308 | 338 | 3 |
| 4 | 4 | 35 | 64 | 95 | 125 | 156 | 186 | 217 | 248 | 278 | 309 | 339 | 4 |
| 5 | 5 | 36 | 65 | 96 | 126 | 157 | 187 | 218 | 249 | 279 | 310 | 340 | 5 |
| 6 | 6 | 37 | 66 | 97 | 127 | 158 | 188 | 219 | 250 | 280 | 311 | 341 | 6 |
| 7 | 7 | 38 | 67 | 98 | 128 | 159 | 189 | 220 | 251 | 281 | 312 | 342 | 7 |
| 8 | 8 | 39 | 68 | 99 | 129 | 160 | 190 | 221 | 252 | 282 | 313 | 343 | 8 |
| 9 | 9 | 40 | 69 | 100 | 130 | 161 | 191 | 222 | 253 | 283 | 314 | 344 | 9 |
| 10 | 10 | 41 | 70 | 101 | 131 | 162 | 192 | 223 | 254 | 284 | 315 | 345 | 10 |
| 11 | 11 | 42 | 71 | 102 | 132 | 163 | 193 | 224 | 255 | 285 | 316 | 346 | 11 |
| 12 | 12 | 43 | 72 | 103 | 133 | 164 | 194 | 225 | 256 | 286 | 317 | 347 | 12 |
| 13 | 13 | 44 | 73 | 104 | 134 | 165 | 195 | 226 | 257 | 287 | 318 | 348 | 13 |
| 14 | 14 | 45 | 74 | 105 | 135 | 166 | 196 | 227 | 258 | 288 | 319 | 349 | 14 |
| 15 | 15 | 46 | 75 | 106 | 136 | 167 | 197 | 228 | 259 | 289 | 320 | 350 | 15 |
| 16 | 16 | 47 | 76 | 107 | 137 | 168 | 198 | 229 | 260 | 290 | 321 | 351 | 16 |
| 17 | 17 | 48 | 77 | 108 | 138 | 169 | 199 | 230 | 261 | 291 | 322 | 352 | 17 |
| 18 | 18 | 49 | 78 | 109 | 139 | 170 | 200 | 231 | 262 | 292 | 323 | 353 | 18 |
| 19 | 19 | 50 | 79 | 110 | 140 | 171 | 201 | 232 | 263 | 293 | 324 | 354 | 19 |
| 20 | 20 | 51 | 80 | 111 | 141 | 172 | 202 | 233 | 264 | 294 | 325 | 355 | 20 |
| 21 | 21 | 52 | 81 | 112 | 142 | 173 | 203 | 234 | 265 | 295 | 326 | 356 | 21 |
| 22 | 22 | 53 | 82 | 113 | 143 | 174 | 204 | 235 | 266 | 296 | 327 | 357 | 22 |
| 23 | 23 | 54 | 83 | 114 | 144 | 175 | 205 | 236 | 267 | 297 | 328 | 358 | 23 |
| 24 | 24 | 55 | 84 | 115 | 145 | 176 | 206 | 237 | 268 | 298 | 329 | 359 | 24 |
| 25 | 25 | 56 | 85 | 116 | 146 | 177 | 207 | 238 | 269 | 299 | 330 | 360 | 25 |
| 26 | 26 | 57 | 86 | 117 | 147 | 178 | 208 | 239 | 270 | 300 | 331 | 361 | 26 |
| 27 | 27 | 58 | 87 | 118 | 148 | 179 | 209 | 240 | 271 | 301 | 332 | 362 | 27 |
| 28 | 28 | 59 | 88 | 119 | 149 | 180 | 210 | 241 | 272 | 302 | 333 | 363 | 28 |
| 29 | 29 | 60 | 89 | 120 | 150 | 181 | 211 | 242 | 273 | 303 | 334 | 364 | 29 |
| 30 | 30 | | 90 | 121 | 151 | 182 | 212 | 243 | 274 | 304 | 335 | 365 | 30 |
| 31 | 31 | | 91 | | 152 | | 213 | 244 | | 305 | | 366 | 31 |




### Размисли и одговори

1. Кој го создал јулијанскиот календар?
2. Кои народи го користат и зошто?
3. За колку дена е поназад од календарот кој се користи денес?

### Активности

- Според тоа за што се користи во нашата држава, како и според други белези, одреди и запиши за кој календар станува збор.

| | | |
|---|---|---|
|   |   |   |
| ❑ Месечево-сончев календар.<br>❑ Месеците се засновани на Месечината.<br>❑ Годините се според Сонцето.<br>❑ 12 месечеви месеци.<br>❑ Се користи од јудејските верници за одредување на еврејските празници. | ❑ Поназад е за 13 дена од грегоријанскиот календар.<br>❑ Бил воведен во Римското Царство на 1 јануари 46 година пр. н. е.<br>❑ За одредување верски празници.<br>❑ Една година трае точно 365 дена и 6 часа. | ❑ Се користи од сите муслимани за одредување на верските празници.<br>❑ Составен е од дванаесет месеци, а годината трае околу 354 дена.<br>❑ Исламските празници се прославуваат на фиксни датуми, според нивниот календар. |
| | | |

## Активирај го твоето предзнаење

Ќе го објаснуваш сметањето на времето според грегоријанскиот календар.

- Кој е првиот ден од седмицата според календарот што го користиш?
- Кога месецот февруари има 29 дена? Зошто е тоа така?

**Грегоријански календар**

**Грегоријански календар** е календарот по кој се смета времето во нашата држава.

Во Европа, во поранешни европски колонии и во поголем дел од светот се користи грегоријанскиот календар.



**Папата Грегориј XIII (1502 – 1585)**
Статуа во Болоња, Италија

| Јулијански календар | | | ОКТОМВРИ | | | Грегоријански календар |
|---|---|---|---|---|---|---|
| П | В | С | Ч | П | С | Н |
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 15 | 16 |
| 17 | 18 | 19 | 20 | 21 | 22 | 23 |
| 24 | 25 | 26 | 27 | 28 | 29 | 30 |
| 31 | | | | | | |

**Грегоријанскиот календар** е **сончев** календар. Зависи од вртењето на на Земјата околу Сонцето. Според овој календар, секоја година има 365 или 366 дена, секој ден има 24 часа, секој час има 60 минути, секоја минута има 60 секунди. Тој е изменета форма на **јулијанскиот** календар. Бил предложен од италијанскиот научник Лилио, а прифатен од папата **Грегориј XIII**. Според неговото име (**Грегориј**) е наречен грегоријански календар. Започнал да се користи во 1582 година. Биле избришани 10 дена од јулијанскиот календар, односно сончевата година. Така, последниот ден од јулијанскиот календар бил 4 октомври 1582 година, а прв ден од грегоријанскиот календар бил 15 октомври 1582 година. Во нашата држава е воведен во 1919 година.




### Ако сакаш повеќе да знаеш...

Реформата на календарот е направена врз основа на научни истражувања преку кои е дојдено до заклучок дека Земјината топка има елипсовидна форма и при нејзиното вртење околу својата оска прави грешка низ вековите за 13 дена.

### Размисли и одговори

1. Како се нарекува периодот од седум дена?
2. На колку месеци е поделена годината според грегоријанскиот календар?
3. По кој календар се пресметува времето во нашата држава?






**Папата Грегориј XIII со дизајнерот на грегоријанскиот календар италијанскиот математичар и доктор Луиџи Лилио.**

**1. Грегоријанскиот календар е**:

а) сончев календар, зависи од вртењето на Земјата околу Сонцето.

б) месечев календар, зависи од вртењето на Земјата околу Сонцето.

в) месечево-сончев календар, зависи од вртењето на Земјата околу Сонцето.

**2. Според грегоријанскиот календар**:

а) секоја година има 365 или 366 дена   б) секоја година има 364 или 365 дена

в) секоја година има 366 или 367 дена   г) секоја година има само 365 дена

**3. Грегоријанскиот календар започнал да се користи во**:

а) 1682 година   б) 1582 година   в) 1583 година   г) 1852 година

**4. Од јулијанскиот календар, односно сончевата година, биле избришани:**

а) 10 дена   б) 13 дена   в) 12 дена   г) 20 дена

**5. Последниот ден од јулијанскиот календар бил 4 октомври 1582 година, а прв ден од грегоријанскиот календар бил:**

а) 16 октомври 1582 год.   б) 12 октомври 1582 год.   в) 15 октомври 1582 год.

## Активности



1. Работа во мали групи

а) Секоја група има задача да истражи како се смета времето според египетскиот, асирскиот, исламскиот, еврејскиот и јулијанскиот календар (по еден за секоја група).

б) Во заклучоците, треба да имаат одговор на следниве прашања:
- Кога почнувала годината?
- Колку месеци, недели и денови имало во годината?
- Кога почнувал првиот ден во седмицата?
- Која е разликата меѓу календарот за кој истражуваш и грегоријанскиот календар?
- Кои држави го користеле или сè уште го користат?
- Врз основа на што се пресметувало времето со тој календар? (Движење на Сонцето, Месечината, ѕвездите или планетите.)

в) Групите подготвуваат мултимедијална презентација со фотографии, слики и заклучоци.

| Име | Денови |
|---|---|
| јануари | 31 |
| февруари | 28 или 29 |
| март | 31 |
| април | 30 |
| мај | 31 |
| јуни | 30 |
| јули | 31 |
| август | 31 |
| септември | 30 |
| октомври | 31 |
| ноември | 30 |
| декември | 31 |

## Активирај го твоето предзнаење

Ќе ги именуваш видовите историски извори (материјални и пишани) и ќе ги опишуваш според карактеристиките.

- Како дознаваме за животот и за работата на луѓето во минатото?
- Какви докази постојат за тоа? Каде се наоѓаат тие?

Материјални извори се: ископини, садови, накит и други артефакти.

(Артефакт е предмет направен од луѓе, како што се, на пример, некоја алатка или некое уметничко дело.)

Пишани извори се: извештаи, патописи, писма, записи, весници, книги од историски настани.

**Материјални извори и пишани извори**

Без историјата, нема да се знае кои се најдобрите дела на нашите предци, кои се хероите од нашето минато, што било најважното во нивниот живот. **Историски извори** се нарекуваат предметите и пишаните сведоштва за животот и за дејноста на луѓето во минатото. Со нив се овозможува да се проучи минатото на нашите предци. Изворите се делат на **материјални** и **пишани**. Исто така, се користат и **усните преданија** за минатото.



**Стари предмети (материјален извор)**



**Цртежи од луѓе во праисторијата (материјален извор)**



**Стари книги (пишан извор)**

**Материјални извори** се: **стари орудија**, **оружје**, **облека**, **пари**, **накит**, **садови**, остатоци од **градби**, **споменици**, остатоци од **уметнички дела**, предмети од **покуќнина** итн. Тие се чуваат во музеите, а некои, како што се остатоците од градбите, се наоѓаат на местото каде што се откриени.

**Пишани историски извори** се: **извештаи**, **патописи**, **писма**, **записи**, **весници**, **книги**... Тие се чуваат на разни места: во библиотеки, музеи, архиви и на други места. Пишаните извори се многу сигурни и даваат значајни податоци за минатото.

Во **усните преданија** спаѓаат разни кажувања за историски настани кои се пренесуваат усно од генерација на генерација. Тука спаѓаат: **легендите**, **митовите** и **песните**. Во нив има доста неточности, измислени настани и личности, па историчарите ги користат многу внимателно.

Фотографиите и цртежите се извори затоа што покажуваат одреден период од минатото. Тие ги откриваат, на пример: облеката што ја носеле нашите предци, алатите кои ги користеле и други историски настани. Книгите обично содржат информации кои помагаат да се открие одреден историски настан.



Статуа „Големата мајка“ од Говрлево

**Размисли и одговори**

1. Што се историски извори?
2. Какви може да бидат историските извори?
3. Зошто најстарите материјални извори се наоѓаат под земја?

- Одреди и запиши кои од дадените фотографии прикажуваат материјален или пишан извор.











**Активности**

**Истражувај во твојот дом или во околината.**

1. Дали има некој стар предмет во твојот дом или во околината? Како изгледа? За што се користел?
2. Какви остатоци од минатото има во вашето место на живеење? Кое е нивното историско значење?
3. Дознај од кое време потекнуваат тие. Дали некои од твоите роднини (баба, дедо) знаат некое усно предание за некој настан или за личност од минатото?

Ќе ги поврзува различните видови историски извори со институциите во кои се чуваат (архив, музеј, библиотека).

## Архив, музеј, библиотека

### Активирај го твоето предзнаење

- Каде се чуваат материјалните извори?
- Каде се чуваат пишаните извори?

Секој народ сака да го зачува своето национално богатство, односно, богатството на своето минато.

Каде и како се чуваат материјалните и пишаните историски извори на еден народ, на една држава?



Археолошки музеј на Македонија

**Музеите** се институции во кои се прибира, се чува и се презентира културно-историското наследство на еден народ, на една држава.

Основна задача на музејот е музејската дејност: истражување, прибирање, средување, заштита и чување на музејскиот материјал. Во музеите работат стручни лица – **кустоси**, кои ги имаат сите информации, па можат да објаснат сè што ги интересира посетителите, за некој стар предмет, документ, фотографија или ракопис.



Музеј на Македонија

### Активности

1. Посети ги музеите на следниве линкови: [Музеј на Македонија (allinone.mk)]
2. Направи виртуелни посети.



Лувр – музеј во Париз



Државен архив во Охрид

**Архив** е институција каде што се примаат, се обработуваат и се чуваат архивски документи, организирани за подобро наоѓање и повторно користење. Збирката на стари документи во архивите се чува на специјален начин. Архивските документи може да бидат во форма на папирус, пергамент, хартиен документ, филмови, ленти, грамофонски плочи, видеоленти, фотографии и други електронски документи.



Архив на РС Македонија





Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ во Скопје

**Библиотека** е институција која ги собира, ги обработува и ги чува книгите и другите материјали за читање. Книгите може да бидат во форма на хартиен документ или електронски книги. Во нашата држава има голем број библиотеки, од кои најголема е **Националната и универзитетска библиотека (НУБ) „Св. Климент Охридски“.**

## Активности

1. Посети ги библиотеките и архивите на следниве линкови:

[Дома - НУБ „Св. Климент Охридски“ - Скопје (nubsk.edu.mk)]

[Почетна | Државен Архив на Република Северна Македонија (arhiv.mk)]

2. Направи виртуелни посети.



Библиотека



Библиотека „Браќа Миладиновци“ во Скопје

**Размисли и одговори**

1. Каква задача има секоја институција која виртуелно ја посети?
2. Што им е заедничка задача на музеите, архивите и библиотеките?
3. Што чуваат архивите?
4. Која институција ги собира, ги обработува и ги чува книгите и другите материјали за читање?
5. Кој објаснува за сè што ги интересира посетителите во музеите?
6. Ако ти е потребен историски аудиозапис, каде ќе можеш да го добиеш, во која институција?

**Активности**

- Секој ученик виртуелно посетува една институција – архив, музеј или библиотека и запишува на лист, пред себе, какви видови извори идентификувал во секоја од презентираните институции.
- Дискусија и заклучоци: поврзување на различните видови историски извори со институциите во кои се чуваат.

| **Институција** | **Материјални извори (ископини, садови, накит и други артефакти)** | **Пишани извори (извештаи, патописи, писма, записи, весници, книги од историски настани)** |
|---|---|---|
| **МУЗЕЈ** | . | |
| **АРХИВ** | | |
| **БИБЛИОТЕКА** | | |

- На која институција треба да ѝ подариш нешто од запишаното во табелата, доколку го имаш дома и не ти треба?

| **Институција** | Стари книги | Садови, накит | Стари весници, легенди | Книги од историски настани | Папирус, пергамент | Разни артефакти |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **МУЗЕЈ** | | | | | | |
| **АРХИВ** | | | | | | |
| **БИБЛИОТЕКА** | | | | | | |



**Ермитаж – музеј во Санкт Петербург, Русија**




**Национална библиотека во Шпанија**

# ПОЗНАТИ СВЕТСКИ АРХЕОЛОШКИ НАОЃАЛИШТА

## Активирај го твоето предзнаење

Ќе ги наведуваш и ќе ги опишуваш познатите археолошки наоѓалишта во светот.

- Дали има некој стар град во твоето место на живеење, кое е неговото име и по што е препознатлив?
- Дали си видел/-а некаде стари садови за јадење, стар накит, стари предмети...?

**Археолошки наоѓалишта**

**Археолошко наоѓалиште** е место на кое се откриени материјални остатоци од старите култури од минатото на човекот.

**На археолошките наоѓалишта** се вршат археолошки ископувања. Луѓето кои се занимаваат со оваа дејност се викаат **археолози**.

Остатоците од минатото може да се пронајдат со набљудување на земјиштето или пак, ако местото е закопано, со подземно испитување. Многу наоѓалишта се откриваат случајно. При наидување на археолошко наоѓалиште, местото најпрвин се документира, а со ископувања се отпочнува ако се располага со средства и време. Во светот постојат безброј археолошки наоѓалишта кои сведочат за животот и за работата на луѓето во минатото. Меѓу најпознатите светски археолошки наоѓалишта во светот се: **Стоунхенџ, Кинескиот ѕид, пирамидите во Гиза, Мачу Пикчу, Чичен Ица, Акропол, Римскиот колосеум** и други.



Мачу Пикчу

## Активности

1. Следи ги мултимедијалните презентации за светските **археолошки наоѓалишта: Стоунхенџ, Кинескиот ѕид, пирамидите во Гиза, Мачу Пикчу, Чичен Ица, Акропол, Римскиот колосеум,** а потоа одговори на поставените барања.
- Виртуелна посета на секое наоѓалиште посебно.
- Истражувај кој го изградил, каде се наоѓа и од кога потекнува.
- Опиши што ти остави најголем впечаток и сподели.

Следните линкови ќе ти помогнат за виртуелна посета на археолошките наоѓалишта:

- **Стоунхенџ** https://www.bing.com/videos/riverview/relatedvideo?&q=How+Was+Stonehenge+Built&&mid=0B61B68434F5C68953040B61B68434F5C6895304&&FORM=VRDGAR
- **Кинескиот ѕид** (https://www.youtube.com/watch?v=WXIfF7TN1QQ
- **Пирамидите во Гиза** Take a Virtual Tour of the Pyramids of Giza | Mental Floss
- **Мачу Пикчу** (https://www.youvisit.com/tour/machupicchu
- **Чичен Ица** (https://www.airpano.com/360photo/chichen-itza-mexico/
- **Акропол** (https://www.acropolisvirtualtour.gr/
- **Римскиот колосеум** (https://historyview.org/library/roman-colosseum/

## Активности

1. На мапата на светот обележи ги местата на познатите археолошки наоѓалишта за кои истражуваше и напиши ги нивните имиња.






2. Работа во мали групи

Во групата, одредете за кое археолошко наоѓалиште во светот ќе истражувате. Направете мултимедијална презентација и презентирајте пред другарчињата. Дискутирајте за вашите впечатоци во врска со археолошките наоѓалишта.



3. Изработи информативна книга од археолошкото наоѓалиште кое виртуелно го посети. Што од него ти остави најголем впечаток? Запиши што од него би сакал кустосот да ти објасни при посета на тоа археолошко наоѓалиште.



4. На временска лента, означи ги редоследно, според временскиот период кога се градени, градбите од светските археолошки наоѓалишта и подреди ги почнувајќи од најстарата градба.

















## АРХЕОЛОШКИ НАОЃАЛИШТА ВО НАШАТА ДРЖАВА

### Активирај го твоето предзнаење



Ќе ги лоцираш познатите археолошки наоѓалишта на територијата на нашата држава.

- Наброј ги археолошките наоѓалишта во нашата држава што ги имаш посетено.
- Објасни што е археолошко наоѓалиште.

**Археологијата** е историска наука што се занимава со ископување и проучување на материјалните остатоци од старите култури и цивилизации.

**Археолошки наоѓалишта** на територијата на нашата држава има многу, но позначајни се: Кокино, Стоби, Хераклеја, Самоиловата тврдина и други.



Мозаик од Хераклеја

Македонија има богато културно и историско минато со преку 5 000 археолошки наоѓалишта. Но, се претпоставува дека има многу повеќе. Секоја населба, секој град се гордее со своето минато. Во археолошките наоѓалишта се пронајдени многу остатоци од стари градби, цркви, манастири, џамии, фрески. Тие зборуваат за големото културно наследство на нашата држава. Многу градби од минатото се уништени од земјотреси, од пожари и од војни.

Денес, многу од тие градби од минатото луѓето ги реставрираат (поправаат) за да изгледаат како некогаш.

Во нашата држава има многу археолошки наоѓалишта што датираат од минатото. **Хераклеја,** во близина на Битола; **Стоби,** во близина на Неготино; **Кокино,** мегалитска[3] опсерваторија во близина на Куманово**;** **Самуиловата тврдина** во Охрид, се дел од археолошките наоѓалишта во нашата држава.



Мозаик од Стоби

[3] **Мегалит – голем праисториски камен поставен како споменик или како дел од споменик.**

# АРХЕОЛОШКИ НАОЃАЛИШТА ВО НАШАТА ДРЖАВА



Самоиловата тврдина



Кокино



Хераклеја



Стоби

## Активности

1. На следниве линкови, истражувај за археолошките наоѓалишта:
Кокино (http://tours.rcku.org.mk/eu/Kokino/
Стоби (https://macedoniafromabove.mk/stobi/
Хераклеја (https://bitola.info/heraclea-lyncestisbitola/
Самоилова тврдина (http://macedoniafromabove.mk/ohrid/index.htm

**Запиши ги податоците од истражувањето по следниве насоки:**

а) Опиши што ти остана во сеќавање, што најмногу те привлече да го посетиш тоа наоѓалиште...

б) Кој го изградил? Каде се наоѓа? Од кога потекнува?



## Работа во мали групи

2. Секоја група подготвува мултимедијална презентација за едно археолошко наоѓалиште (Кокино, Стоби, Хераклеја и Самоиловата тврдина), по избор на членовите на групата. Податоци за овие археолошки наоѓалишта може да најдете на посочените линкови и од друга литература.



3. Во белите полиња запиши го археолошкото наоѓалиште кое е прикажано на фотографијата.







4. На мапата на нашата држава, обележи ги местата на археолошките наоѓалишта за кои истражуваше и напиши ги нивните имиња.




4. Заедно со наставникот посетете археолошко наоѓалиште во нашата држава и изработете извештај за посетата.

- Кога е изграден/-а?
- Кој/кои го изградил/изградиле?
- Објасни за неговото значење.
- Каде се наоѓа?





## Ако сакаш повеќе да знаеш...

- Истражувај и собери податоци за еден споменик на културата што се наоѓа во твоето место на живеење.

Изработи извештај по следниот план:
1. Кога е изграден?
2. Објасни за неговото значење.
3. Каде се наоѓа?
4. Кој/кои го изградил/изградиле?



Историја и општество за V одделение на деветгодишно основно образование
(материјали за учење)

Издавач: Биро за развој на образованието

Уредник: Абдулфета Фетаи

Автори:
Валентина Ангелковска
Жаклина Ристовска

Стручна поддршка:
Рајмонда Незири, координатор
Илир Мемеди
Ирена Борисовска
м-р Оливер Станојоски

Лектор: Александар Здравевски

Година на издавање и печатење – 2024

Место на издавање – Скопје

Електронско издание

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

373.3.016:94(035)=163.3
373.3.016:316.3(035)=163.3

АНГЕЛКОВСКА, Валентина
Историја и општество за V одделение [Електронски извор] : за деветгодишно основно образование : (материјали за учење) / Валентина Ангелковска, Жаклина Ристовска. - Скопје : Биро за развој на образованието, 2024

Начин на пристапување (URL):
https://brogovmk-my.sharepoint.com/:b:/g/personal/bro_macedonia_bro_gov_mk/Eb2U941XTMlPtarZpnAuRw0BNd0njINT1FHGCwXh46_Gog?e=7iYe2P.
- Текст во ПДФ формат, 127 стр., илустр. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 30.05.2024

ISBN 978-608-206-174-0

1. Ристовска, Жаклина [автор]

COBISS.MK-ID 63840261